ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2021 ГОДИНА НА
# ОПЕРАТОР НА ЕЛЕКТРОПРЕНОСНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И УПРАВУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИОТ СИСТЕМ АД МЕПСО

01 2022 12 01

Скопје, март 2023 година

# С О Д Р Ж И Н А

| Опис<br>Страна | |
|---|---|


| | |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 58 |
| Финансиски извештаи за 2021 година | |
| Биланс на успех | 59 |
| Биланс на состојба | 60 |
| Извештај за промените во главнината/капиталот | 61 |
| Извештај за паричниот тек | 62 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| Вовед | 63 - 65 |
| Основни сметководствени политики | 66 - 72 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 72 - 86 |

ПРИЛОЗИ:

Прилог бр.1 – Преглед за статусот на спроведувањето на препораките

Прилог бр.2 – Преглед на материјални средства во подготовка на АД МЕПСО Скопје на ден 31.12.2021 година

Прилог бр.3 – Преглед на долгорочни кредити

Прилог бр.4 – Преглед на преземени обврски во 2021 година без спроведена постапка за јавна набавка

Прилог бр.5 – Преглед на Балансно одговорни страни на кои им се репрограмирани договорите со состојба на 16.12.2022 година

Прилог бр.6 – Преглед на дадени заеми на акционерски друштва во државна сопственост

Прилог бр.7 – Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Прилог бр. 8 – Одговор на забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Кратенки користени во извештајот:

| | |
|---|---|
| АД | Акционерско друштво |
| АД МЕПСО Скопје | Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје |
| АКН | Агенција за катастар на недвижности |
| БОС | Балансно одговорна страна |
| БИС | Бизнис информациски систем |
| Влада | Влада на Република Северна Македонија |
| ГИП | Годишна Инвестициона Програма |
| ГПЈН | Годишен план за јавни набавки |
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| ДООЕЛ | Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице |
| ЕЕ | Електрична енергија |
| ЕПС | Електропреносен систем |
| ЕБРД | European Bank for Reconstruction and Development (Европска банка за обнова и развој) |
| ЕСЈН | Електронски систем за јавни набавки |
| ЕИБ | European Investment Bank (EIB) Европска инвестициска банка |
| ЗЈВФК | Закон за јавна внатрешна финансиска контрола |
| ЗЈН | Закон за јавните набавки |
| ЗТД | Закон за трговските друштва |
| ИБРД | International Bank for Reconstruction and Development (IBRD) Меѓународната банка за обнова и развој |
| ИТ | Информатичка технологија |
| МСС | Меѓународни сметководствени стандарди |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| ЈН | Јавни набавки |
| НО | Надзорен одбор |
| ОЕПС | Оператор на електропреносниот систем –подружница во АД МЕПСО Скопје |
| ОПМ | Оператор на преносната мрежа – подружница во АД МЕПСО Скопје |
| РКЕ | Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги |
| ТЕЦ | Термоелектрична централа |
| УО | Управен одбор |
| ХЕЦ | Хидроелектрична централа |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 19-229/5
Дата: 20.03.2023 г.

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје, за 2021 година.

Со извршената ревизија, изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2021 година и мислење со резерва за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2016 година, при што овластениот државен ревизор изрази неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со релевантната законска регулатива.

Извршена е ревизија на преземените мерки по дадените препораки кои се презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2016 година и издаден е Преглед за статусот на спроведувањето на препораките. Од податоците дадени во прегледот, ревизијата констатира дека од вкупно 15 препораки, спроведени се 6 препораки, делумно спроведени се 4 препораки, во тек е спроведувањето на 2 препораки и неспроведени се 3 препораки.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај АД МЕПСО Скопје за 2021 година ги констатиравме следните состојби:

- за воспоставените внатрешни контроли во ИТ системите утврдивме дека недостасуваат: ажурирана ИТ Стратегија, континуирана обука на вработените за сигурноста во дигиталниот простор и заштита на личните податоци и соодветно чување на податоците и системските конфигурации на надворешна локација. За евидентирање на сметководствените трансакции се користи стар систем/апликација поради што постои ризик во работењето како и губење на финансиските податоци;
- службата за внатрешната ревизија не е воспоставена согласно законската регулатива, што може да влијае врз остварување на целите за кои што е формирана и навремено утврдување на ризиците во дејноста на електропреносниот систем на АД МЕПСО Скопје;
- постојат недоследности во делот на склучениот анекс кон договорот на службеникот за усогласеност на АД МЕПСО Скопје, што претставува ризик по неговото независното делување;
- постојат неусогласености во актот за систематизација, како и грешки при пресметката на платата, што не е согласно одредбите на Колективниот договор на АД МЕПСО Скопје;
- сметководствените политики се донесени во 2005 година и истите во користењето на одредени проценки не ги претставуваат веродостојно финансиските трансакции, финансиската успешност, паричните текови и истите не се комплетни како што се барањата на МСС;
- постои неусогласеност во износ од 296.916 илјади денари помеѓу сметководствената вредност на основната главнина и износот на запишаниот и уплатен капитал (основачки влог) во Централниот регистар и Централниот депозитар за хартии од вредност;
- пописот на средствата и обврските на средствата не е извршен во целост, согласно законската регулатива, што влијае на реално и објективно искажување на податоците во финансискиот извештај - Биланс на состојба на ден 31 декември;
- за расходите на материјални средства, кои биле констатирани во периодот од 2018 до 2021 година не биле искажани трошоци во соодветниот пресметковен период, што влијаело на финансискиот извештај Биланс на успех и резултатот од работењето;
- утврдивме разлика во податоците од материјалната и сметководствената евиденција на земјиштето со податоците кои ги водат Секторот за правни и општи работи, подружницата Оператор на преносна мрежа, како и со имотните листови за земјиштето во Агенцијата за катастар на недвижности;

- постои неусогласеност помеѓу бројот на трафостаници со кои управува и ги одржува одделот за трансформаторски станици и бројот на евидентирани трафостаници со кои располага одделот за имотно правни работи, додека во сметководствената евиденција не е утврден нивниот број и вредност;
- не е воспоставена соодветна сметководствена евиденција на материјалните средства, поради што дел од нив се уште се водат во подготовка, односно за нив не е пресметан и признаен трошок за амортизација во претходниот период и во тековната 2021 година;
- необезбедената документација за донираните средства во износ од 459.743 илјади денари, како и несоодветно сметководствено евидентирање на признавањето на примените донации во вид на средства, на кои се врши пресметка на амортизација, влијае на искажаниот финансиски резултат;
- за долгорочните вложувања во износ од 4.449 илјади денари не се презентирани докази за потврдување на нивниот правен основ, нивната реалност и објективност и не е направено вредносно усогласување согласно сметководствените политики на друштвото;
- дел од залихите на резервните делови во износ од 18.619 илјади денари се евидентирани како градежни објекти, поради што за истите е пресметана амортизација;
- спроведена е исправката на вредноста на побарувањата кои не се постари од една година, за што не се презентирани релевантни докази и проценка за веројатноста на нивната наплата;
- за половина од залихите на суровини, материјали и резервните делови, кои се набавени пред 2017 година и не биле издадени во употреба, на крајот на пресметковниот период не е утврдена и соодветно евидентирана нивната нето реализациона вредност;
- каматите за повлечените долгорочни заеми се евидентирани како расходи, наместо за истите да биде зголемена вредноста на Постојаните средства, додека за провизиите за неповлечени средства искажани се зголемувања на вредноста на Постојаните средства наместо да бидат признаени како расходи;
- трансферот на средствата на синдикалните организации на АД МЕПСО Скопје кои не се поврзани со вршење на нејзината дејноста – пренос на ЕЕ, не се искажани во даночниот биланс како непризнаени расходи за 2021 година;
- двојно надминување на законски определениот максимален износ за набавки на стоки, услуги и работи без спроведување на постапка и
- постојат недоследности при доделувањето на донации и спонзорства од страна на УО.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот на нагласување на прашањата на неизвесност и континуитет ги обелоденивме состојбите поврзани со електропреносниот систем во Република Северна Македонија кои се однесуваат на:

- настанатите големи дебаланси и порамнувања во 2021 година во електропреносната мрежа како резултат на енергетска криза, како и ниското домашно производство на ЕЕ, репрограмирањето на побарувањата од трговците на ЕЕ – БОС и состојбите со покривањето на загубите во ЕПС;
- воспоставениот механизам на преземање и оставање на ЕЕ во ЕПС;
- обезбедената ладна резерва од АД ТЕЦ Неготино;
- долгорочните прогнози за потребите од ЕЕ;
- дадените заеми на АД во државна сопственост кои влијаат на ликвидноста на АД МЕПСО Скопје и
- судските постапки во кои АД МЕПСО Скопје се јавува во улога на тужител и тужен.

Во делот на останати прашања ги обелоденивме надлежностите и ангажманите на Министерството за транспорт и врски, кое е сопственик на операторот на електропреносниот систем, а согласно законската регулатива која ја уредува енергетиката.

Од страна на Генералниот директор и претседател на Управниот одбор на АД МЕПСО Скопје, доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и констатирано е дека дел од нив претставуваат известување за мерки и активности кои ќе бидат преземени по утврдените состојби и дадените препораки, известување за причините кои довеле до состојбите, дел од забелешките не се прифаќаат поради не доставени докази кои би имале влијание на утврдените состојби и една забелешка делумно е прифатена.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 59 до страна 62 заедно со ревизија на усогласеност на АД МЕПСО Скопје, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на успех, Извештај за промени во главнината/капиталот и Извештај за паричните текови за 2021 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година во кој ревизијата изразила неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со закони и прописи.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на АД МЕПСО Скопје застапувано од:
- Куштрим Рамадани, генерален директор и претседател на Управен одбор од 28.12.2020 година до 27.12.2021 година и
- Орхан Муртезани, генерален директор и претседател на Управен одбор од 28.12.2021 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и

воспоставени политики.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 18.07.2022 година до 30.12.2022 година кај АД МЕПСО Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија на преземените мерки по дадените препораки презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2016 година број 15-274/1 од 14.02.2018 година и издаден е преглед за статусот на спроведувањето на препораките (Прилог број 1). Од податоците во прегледот, ревизијата утврди дека од вкупно 15 препораки, спроведени се 6 препораки, делумно спроведени се 4 препораки, во тек е спроведување на 2 препораки и неспроведени се 3 препораки.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок одржан на 20.01.2023 година со раководството и одговорните лица на субјектот предмет на ревизија и на состанокот одржан на 30.01.2023 година со одговорното лице за периодот предмет на ревизија.

На ден 10.03.2022 година, од страна на Генералниот директор и претседател на Управниот одбор на АД МЕПСО Скопје добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор под број 19-224/4. Забелешките се однесуваат на точките 4.2.3., 4.3.1., 4.3.2., 4.3.4., 4.3.5., 4.3.6., 4.3.7., 4.3.8., 4.3.9., 4.3.10., 4.3.11., 4.3.12., 4.3.13., 4.3.14., 4.4.2. и 6.7. Истите се разгледани и утврдено е дека дел од забелешките претставуваат известување за мерки и активности кои ќе бидат преземени по утврдените состојби и дадените препораки, известувања за причините кои довеле до состојбите, дел од забелешките не се прифатени поради не доставени докази кои би имале влијание на констатираните состојби и една забелешка делумно е прифатена.
Забелешките и содржината на одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

Констатирани се следните состојби:

**Внатрешни контроли**

4.1.1. Во рамките на ИТ системот на АД МЕПСО Скопје воспоставени се повеќе меѓусебно зависни системи кои се во функција на дејноста која ја извршува друштвото. Со извршената ревизија на интерните акти, воспоставениот информациски систем, пропишаната организациона структура и системот на внатрешни контроли на ИТ системите ги констатиравме следните состојби:

- Овластениот државен ревизор во извештајот од спроведената ревизија на регуларност за 2016 година дал препораки за донесување на стратешки план за развој на ИТ системот и акциски план за движење, развој и функционирање на севкупниот ИТ систем како целина. Со ревизијата утврдивме дека во насока на спроведување на препораката како и со цел да се изврши стандардизација на друштвото со ISO 27001[1] за корпоративните сервиси, во 2018 година реализирана е јавна набавка на услуга за Стандардизација на IT service management[2], при што изработени се соодветни документи. Овие документи и ИТ Стратегијата за периодот 2018 - 2022 година се усвоени од страна на УО по три години, односно во септември 2022 година. Имајќи го во предвид периодот на кој се однесува Стратегијата, истата е застарена и не е ажурирана со моменталната состојба на системите. Една од причините поради која документите не биле навремено донесени е честата промена на раководниот кадар во АД МЕПСО Скопје. Исто така утврдивме дека, во периодот на вршење на ревизијата сеуште не е донесен ажуриран документ за управување со ИТ ризици и не е воспоставен систем на континуирана обука за сигурноста во дигиталниот простор и заштита на личните податоци со што би се подобриле вештините на вработените во оваа област;
- АД МЕПСО Скопје не користи надворешна локација за чување на податоците и системските конфигурации и не постои резервен систем за оправување, што претставува ризик од губење на податоците во случај на надворешни и внатрешни непогоди. Во друштвото постојат неколку сервер сали каде е сместена опремата за информацискиот систем во кој се чуваат податоците. Со ревизијата утврдивме дека поради внатрешните климатизери со кои ладниот воздух се спроведува под подовите на просториите, не е обезбеден ефикасен систем на ладење во сервер салите каде се чуваат системите. Иако систем салите имаат детектори за чад, истите немаат вклучен автоматски противпожарен систем, односно во две сали целосно е изведен додека во останатите три сали истиот не е довршен

[1] ISO 27001- Систем за управување со безбедноста на информациите
[2] Управување со ИТ сервиси

и е во изведба. Целиот систем за против пожарна заштита во сите сервер сали не е довршен, тестиран и не е извршено примопредавање. Ваквата состојба е поради не извршен технички прием на извршеното реновирање и изградба на фасадата на зградата (подетално образложено во точка 4.3.7.). Овој систем е од исклучителна важност за непречено и безбедно функционирање на сервер салите како и за целиот електропреносен систем;

- Имајќи во предвид дека АД МЕПСО Скопје управува со еден од клучните системи за пренос на ЕЕ во државата и неговото непречено функционирање треба да е со највисок приоритет и сигурност поради зависноста на поврзувањето со околните држави, истакнуваме дека во начинот на организирање не е воспоставен систем на дежурства и достапност на ИТ вработените надвор од работното време.
- Овластениот државен ревизор во ревизорскиот извештај за 2016 година има дадено препорака за имплементација на современ сметководствен систем со кој ќе може целосно да се одговори на потребите од работењето, како и воспоставување и користење на систем за управување што ќе бидат во насока на поддршка и олеснување на процесите во работењето. Истакнуваме дека во 2013 година бил набавен современ систем Бизнис информацискиот систем (БИС) кој заедно со консултантските услуги достигнал вредност од над 1 милион евра и кој освен апликацијата за плата и архивско работење, не бил имплементиран во сметководствената евиденција. Согласно податоците од сметководствената евиденција истиот е речиси целосно амортизиран, а состојбата во друштвото по изминати пет години не е променета, односно и натаму останува потребата од промена на постојниот сметководствен систем.

  Во февруари 2021 година формирана е работна група[3] со задача да спроведе анализа на сегашна поставеност на БИС и потребните чекори за негово целосно функционирање. Во јули 2021 година до УО на АД МЕПСО Скопје доставен е Извештај од работната група[4] со кој е констатирано дека хардверската инфраструктура е застарена во поглед на перформансите и заштитата на податоците и за истиот нема поддршка од производителите. Со ревизијата утврдивме дека АД МЕПСО Скопје за сметководствено евидентирање на трансакциите (материјално книговодство и магацинско работење, ситен инвентар, основни средства), се уште ја користи старата апликација развиена уште во времето на Електростопанство на Македонија од 1974 година, која е инсталирана на многу стар хардвер, за кој веќе со години не се произведуваат резервни делови. Ревизијата укажува

[3] Решение бр. 04-925 од 16.02.2021 година
[4] Број 08-928/1 од 27.07.2021 година

дека за оперативниот систем на кој е инсталирана апликацијата како и за самата апликација, во моментов нема обучени лица во ИТ одделот, ниту лица обезбедени од надворешна компанија, кои имаат познавања за одржување, надградба или евентуални промени во изворниот код на апликацијата поради што постои голем ризик во работењето како и губење на финансиските податоци. Иако работната група предложила отпочнување на постапката за имплементација на првата фаза од воспоставување на нов Деловен Информациски Систем во периодот септември 2021 – март 2022 година, заклучно со 30.12.2022 година истата не е започната.

Вака воспоставениот систем доведува финансиските процеси на работење да не соодветствуваат со тековните потреби за работните процеси. Употребата на технологија и автоматизација на процесите треба да го олеснат извршувањето на процесите и да ја зголемуваат нивната сигурност, точност и навременост.

Констатираните состојби не се во согласност со меѓународните стандарди за ИТ безбедност[5] и упатуваат на присуство на високи ризици кои може да имаат влијание на веродостојноста на финансиското известување како и врз безбедноста на податоците.

## Препорака

Органите на раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- донесување ажуриран стратешки план за развој на ИТ системот, акциски план по кој би се движел развојот и функционирањето на севкупниот ИТ систем во наредниот период базиран на надминување на утврдените ризици;
- да се усвои документ за управување со ИТ ризици;
- континуирани обуки на вработените во ИТ секторот кои се однесуваат на сигурноста во дигиталниот простор и заштита на личните податоци;
- обезбедување на сервер сала согласно стандардите за безбедност на информациите и податоците;
- воспоставување на надворешна локација за чување на резервна копија на податоците и системските конфигурации;
- организирање на работни тимови, достапни во случај на потреба за опоравување и враќање на ИТ системите и податоците и
- продолжување со активностите за имплементација на современ сметководствен систем согласно потребите на друштвото.

[5] ISO/IEC 27001:2022 (en), Information security, cybersecurity and privacy protection — Information security management systems — Requirements

4.1.2. Процесот на одобрување на плаќања по добиени фактури е пропишан со Процедура[6] согласно која одобрувањето за исплата на финансиските обврски се врши со пополнување и потпишување на пропишан образец „Листа за преземање на финансиски обврски". Ревизијата утврди дека за да се заврши целиот процес на одобрување и истиот да станеа комплетен потребно е листата да биде потпишана од 21 лице, кои се вклучени во целиот процес на одобрување, што ја прави целата постапка обемна и долга (најмалку 20 дена, од датумот на архивирање на фактурата). Исто така, констатиравме дека плаќањето на обврските не се врши по електронски пат. Начинот на одобрување и плаќање на финансиската документација влијае на ангажирањето на ресурси, ефикасноста на движењето, евидентирањето и плаќањето на преземените финансиски обврски. Воспоставениот начин на одобрување на плаќањата не ги исполнува барањата од точка 12.2 од стандардот за внатрешни контроли во јавниот сектор број 12 – Процедури, со кој е пропишано дека документацијата треба да биде корисна, лесна за проверка и достапна за раководителот, вработените како и за трети лица доколку е потребно.

АД МЕПСО Скопје во март 2022 година има набавено современо веб базирано софтверско решение[7], со чија помош треба да се овозможи дигитализација и автоматизација на процесите за аплицирање на електронски/дигитален потпис, како и генерирање на електронски документи. Софтверското решение треба да овозможи лесно иницирање на процеси за дигитално верифицирање на документи со вработените во друштвото и со надворешни корисници од други правни и физички лица, со што постапно ќе се врши дигитализација на деловните процеси, а постапката за одобрување и плаќање на финансиските обврски може да биде завршена во многу пократок период.

**Препорака**

Органите на раководење и управување да продолжат со активностите за воведување во употреба на софтверските решенија за електронското одобрување и плаќање на обврските во работните процеси.

[6] Процедура за проследување, проверка и ликвидација на влезни денарски фактури по јавни набавки, УО.бр.3742/7-1 од 10.06.2014

[7] Договор за јавна набавка на стоки број 05-947/2 од 08.03.2022 година

## Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Формирањето, организацијата и начинот на извршување на внатрешната ревизија се уредени со одредбите на ЗЈВФК[8] и ЗТД[9]. Целта на внатрешната ревизија е на раководителот на субјектот од јавниот сектор да му обезбеди независно разумно објективно уверување и совет со цел подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола. Со извршената ревизија, утврдени се следните состојби:

- органот за надзор на друштвото има надлежност да организира служба за внатрешна ревизија, како независна организациска единица. Со презентираната документација која се однесува на основање на службата за внатрешна ревизија не е доставен доказ дека истата е формирана од НО, како што е пропишано во член 415-а став 1 од ЗТД.
- во член 31 став 1 алинеја 3 од ЗЈВФК, уредено е минималниот број на вработени во единицата за внатрешна ревизија да не биде помал од 4 внатрешни ревизори и раководител на единицата, доколку просечниот финансиски план во последните три години изнесувал најмалку 2 милијарди денари. Согласно актите за организација и систематизација на АД МЕПСО Скопје, во службата за внатрешна ревизија систематизирани се пет работни места – четири внатрешни ревизори и раководител, а во годината предмет на ревизија пополнети се три работни места - двајца внатрешни ревизори и раководител. Оваа состојба не е во согласност со ЗЈВФК и влијае на квалитетното, целосно и навремено реализирање на активностите на службата за внатрешна ревизија;
- раководителот на службата за внатрешна ревизија нема изготвено и потпишано повелба за внатрешна ревизија со раководителот на субјектот, што не е во согласност со член 3 точка 44 и член 26 став 1 од ЗЈВФК и членовите 3, 4 и 5 од Правилникот за повелба за внатрешна ревизија[10], како и описот на работните задачи во актот за систематизација на АД МЕПСО Скопје. Повелбата е акт со кој се дефинира вршењето на внатрешната ревизија, правата на внатрешните ревизори, ја одредува позицијата на внатрешната ревизија во рамките на организацијата, овластува пристап до евиденцијата, персоналот и имотот битни за извршување на работата и го дефинира нејзиниот опфат. Нејзиното недонесување го намалува квалитетот и објективноста при извршување на воспоставените цели, овластувањата и одговорностите на внатрешната ревизија;

[8] Службен весник на Република Македонија број 90/09, 12/11, 188/12, 192/15 и 147/17
[9] Службен весник на Република Македонија бр. 28/04,.......,239/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 290/20, 215/21 и 99/22
[10] Службен весник на Република Македонија број 136/10

- од извршениот увид во персоналните досиеја на вработените во службата за внатрешна ревизија утврдивме дека не се во целост исполнети условите кои треба да ги исполни раководителот на единицата за внатрешна ревизија. Имено, раководителот на службата не поседува уверение за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор или меѓународно признат ревизорски сертификат и доказ за најмалку три години работно искуство во областа на внатрешната или надворешната ревизија. Ваквата состојба не е во согласност со членовите 35 и 36 од ЗЈВФК и со стандардот 3 – „Компетентност, Извршување“ од Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, со кој е пропишано дека раководителот на субјектот треба да обезбеди пополнување на работните места со компетентни лица, што може да ја доведе во прашање улогата на внатрешната ревизија во остварување на целите на субјектот;
- службата за внатрешна ревизија има изготвено Годишен план за извршување на внатрешна ревизија за 2021 година, но нема акт за одобрување на истиот од страна на НО, што не е во согласност со член 415–б од ЗТД;
- донесените Стратешки план за наредните три години и Годишен план за ревизија за наредната година се доставуваат до Централната единица за хармонизација со задоцнување од речиси два месеци. Исто така, Годишниот план за ревизија за 2021 година не е доставен до раководителите на организационите единици кои се опфатени со истиот. Наведените состојби не се во согласност со член 40 од ЗЈВФК и влијаат на навременото информирање за планираните ревизорски активности;
- врз основа на Годишниот план за извршување на внатрешна ревизија за 2021 година, утврдивме дека од планирани три, извршени се две ревизии при што не е извршена внатрешна ревизија на клучните процеси и ризици кои се однесуваат на дејноста на АД МЕПСО Скопје. Исто така, не се презентирани документи со кои може да се потврди дека за реализација на ревизиите се изготвуваат планови и програми со ревизорски постапки, кои се одобруваат од раководителот на службата, како што е уредено со член 40 став 3 од ЗЈВФК, членовите 8 и 9 од Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата[11], како и со описот на работните задачи на вработените со актот за систематизација и
- за своето работење, службата за внатрешна ревизија нема изработено и доставено полугодишен и годишен извештај до органот на надзор и до органот на управување, што не е во согласност со член 415-в став 1 од ЗТД, поради што не било овозможено да се постапи согласно член 415-в став 4 од ЗТД, односно Надзорниот одбор да го достави извештајот до Собранието на друштвото - МТВ. На ревизијата и беше презентиран Годишниот извештај за

[11] Службен весник на Република Македонија број 136/10

работа за 2021 година на АД МЕПСО Скопје, во кој составен дел е годишниот извештај за работата на службата за внатрешна ревизија, но истиот не е потпишан, не е архивски заведен и не ги содржи пропишаните елементи во член 415-в став 3 од ЗТД.

Наведените состојби претставуваат ризик во остварување на целите за кои што е формирана службата за внатрешна ревизија и навремено утврдување на ризиците во дејноста на електропреносниот систем на АД МЕПСО Скопје и влијае на ефективноста на воспоставениот систем за внатрешна контрола.

Препорака

Органите на раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- организирање на службата за внатрешна ревизија од НО на друштвото, како и нејзино целосно екипирање со стручен кадар;
- изготвување и потпишување на Повелба за внатрешна ревизија;
- навремено доставување на Стратешкиот и Годишниот план за ревизија до Централната единица за хармонизација;
- одобрување на Годишниот План за внатрешна ревизија од страна на НО и обезбедување услови за негова целосна реализација;
- осигурување дека полугодишните и годишните извештаи за работата на службата за внатрешна ревизија се изготвени согласно законските барања и навремено се доставени до УО, НО и Собранието на друштвото - МТВ.

4.2.2. Со член 73 од Законот за енергетика[12], предвидена е обврска, АД МЕПСО Скопје, како оператор на електропреносниот систем да донесува Програма за усогласеност која треба да биде одобрена од РКЕ и да содржи мерки за: спречување на дискриминација на корисниците на електропреносниот систем, обврски за вработените во насока на нејзина реализација и дефинирање на начин за следење на усогласеноста во работењето. За следење на реализацијата на оваа Програма во член 74 од законот предвидено е именување на службеник за усогласеност кој е должен да доставува Годишен извештај до РКЕ за преземени мерки за нејзино спроведување, да дава препораки во однос на нејзината реализација и да ја известува РКЕ во случај на значителни прекршувања во спроведувањето на истата. Начинот и условите за негово вработување, вклучувајќи го и времетраењето на неговиот мандат како и сите други потребни услови за остварување на неговите овластувања, не се пропишани со законот и за истите оставена е можност да бидат дополнително определени по претходно одобрување од РКЕ. За исполнување

[12] Закон за енергетика (Службен весник на Република Македонија 96/2018 и Службен весник на Република Северна Македониј број 96/2019 и 236/2022.)

на наведените законски обврски во АД МЕПСО Скопје донесена е Програма за усогласеност која се однесува на обврските кои произлегуваат од сопственичкото раздвојување и Правилник за работењето, овластувањата, правата и обврските на службеникот за усогласеност[13]. Во декември 2018 година со Одлука[14] од НО и одобрување од РКЕ[15] именуван е службеник за усогласеност за период од пет години, со кој е склучен договор[16] за уредување на неговите права и обврски.

Со ревизијата утврдивме дека во мај 2019 година склучен е Анекс на наведениот договор, кој се однесува на измени во делот на доделување дополнителни права и надоместоци[17], при што е избришана одредбата со која е предвидено сите измени и дополнувања на основниот договор да влезат во сила по нивно одобрување од РКЕ. За склучениот Анекс помеѓу НО и службеникот за усогласеност, на ревизијата не и е презентиран доказ дека истиот е одобрен од РКЕ, што не е во согласност со член 74 став 5 од Законот за енергетика во кој е предвидено дека мандатот и сите потребни услови за вработување и остварување на овластувањата и должностите на службеникот за усогласеност ги одобрува РКЕ. Ваквиот начин на постапување претставува ризик по независното делување на службеникот за усогласеност и не овозможува следење дали условите за остварување на неговите овластувања и должности се исполнети.

Препорака

Надлежните органи на раководење и управување да преземат мерки и активности сите промени на договорот склучен помеѓу НО на АД МЕПСО Скопје и службеникот за усогласеност да се вршат по претходно обезбедено одобрување од РКЕ.

4.2.3. Расходите по основ на бруто платата на вработените во АД МЕПСО Скопје во 2021 година изнесуваат 490.152 илјади денари и истите се уредени со Законот

[13] Број 02-945 од 11.02.2019 година
[14] НО бр.02-9300/4 од 13.12.2018 година
[15] решение за одобрување на назначување на службеник за усогласеност на АД МЕПСО Скопје број 03-2386/2 од 17.12.2018 година
[16] Број 02-9432 од 19.12.2018 година
[17] одвоен живот, користење на службено возило, право на отпремнина од 12 месечни плати во висина на платата во последниот месец

за работните односи[18] и Колективниот договор на ниво на работодавач[19].

Со извршениот увид во актите за систематизација и организација, склучените договори за вработување и доставената документација за пресметка и исплата на плата и надоместоци на плата ревизијата ги утврди следните состојби:

- видот и називот на работните места, бројот на извршителите за секое работно место, посебните услови потребни за извршување на работите, описот на работите и задачите и распоредот на работните места по организациони единици се утврдени со Правилникот за систематизација на работните места[20] донесен од страна на УО во 2018 година. Од денот на неговото усвојување заклучно со 2022 година направени се 26 измени на истиот, од кои 18 се врз основа на Одлуки донесени од УО за измени и дополнувања и 8 со Одлуки донесени само од Генералниот директор за зголемување на бројот на извршителите. Во текот на ревизијата презентирана е нацрт верзија на пречистен текст на Правилникот за систематизација со вклучени 23 измени, но истата не е усвоена од УО, што влијае на транспарентноста на извршените промени и негова отежната примена и следење во пракса;
- во актот за систематизација, за одредени работни места како потребен степен на стручна подготовка се наведени само високо или средно образование, како општи барања, без да се специфицира потребниот вид на стручна подготовка за извршување на работните задачи, што влијае на соодветноста на кадрите кои се вработуваат. Наведената состојба не е во согласност со член 19 став 2 од Законот за работните односи[21] во кој е предвидено дека работодавачот е должен со акт да ги определи посебните услови за вршење на работата на секое поединечно работно место и создава ризик од субјективизам при одлучувањето во процесот на селекција на кандидати во однос на исполнување на условите и оцена на компетентноста на видот на образованието за обавување на работите од соодветно работно место;

[18] „Службен весник на Република Македонија" број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/2019 ;

[19] Колективен договор на Оператор на електропреносен систем на Македонија, АД за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје број 02-9621 од 25.12.2018 година;

[20] Број 02-4992/2-1 од 31.07.2018 година, ... Одлука УО број 02-2961 12 од 20.05.2022 година;

[21] „Службен весник на Република Македонија" број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/19.

- во АД МЕПСО Скопје нема донесено акт за утврдување на вредноста на коефициентот за пресметка на плати. Коефициентите за пресметка на плата за секое работно место поединечно се утврдени во Правилникот за систематизација на работните места[22] при што во отсуство на акт за вредноста на коефициентот како основица за пресметка на платата се зема нето износот на најниска плата на ниво на друштвото утврден во Колективниот договор[23]. Платата во склучените договори за вработување е утврдена во нето износ, добиена како производ меѓу утврдениот коефициент за соодветното работно место и нето износот на најниска плата утврден во Колективниот договор. Наведениот начин на пресметка на платите со примена на несоодветна основица во нето износ не е во согласност со концептот на бруто плата воведен во 2009 година, согласно кој основицата/вредноста на коефициентот за пресметка на платите треба да биде утврден во бруто износ;
- за пресметка на плата се користи софтвер[24] од 2013 година и истиот се одржува од страна на надворешни лица. Од извршените детални тестирања на пресметката на плата утврдивме случаи каде постојат промени во процентот за пресметка на додатокот за минат труд, односно негово намалување од месец во месец и покрај тоа што бројот на години стаж е непроменет за што надлежните лица во друштвото не беа во можност да ги објаснат причините. Исто така, утврдивме дека не е воспоставен воедначен начин на пресметка на додатокот за работен стаж при што истиот некогаш се пресметува на износот на основната бруто плата, во одредени случаи се пресметува и на додатоците на плата, а постојат и случаи кога истиот се пресметува само на делот од основната бруто плата за часовите поминати на годишен одмор. Наведените состојби предизвикуваат грешки при пресметката на платата на вработените, што не се во согласност со Колективниот договор на АД МЕПСО Скопје каде е утврдено дека основната плата на вработениот се зголемува за 0,5% од за секоја навршена година работен стаж[25] .
- дел од додатоците на плата кои се пресметуваат и исплаќаат за вработените не се предвидени со Колективниот договор на АД МЕПСО Скопје, а за дел, процентите кои се применуваат при пресметка не соодветствуваат со

[22] УО бр. 02-4992/2-1 од 31.07.2018 година;
[23] член 53 од Колективен договор на АД МЕПСО Скопје

[24] софтверот за плати е базиран на Microsoft Dynamics Navision 2009 R2 како систем за управување со финансии и човечки ресурси
[25] член 51 од Колективен договор на Оператор на електропреносен систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје број 02-9621 од 25.12.2018 година;

утврдените проценти во Колективниот договор. Имено, додатокот кој се исплаќа за прекувремените часови работа во викенд од 200% не е предвиден со важечкиот Колективен договор. Исто така за ноќна работа се пресметува зголемувањето на платата по час од 32% наместо утврдените 35%, а за часовите поминати на работа во државен празник се пресметува зголемување од 42% наместо утврдените 50% што не е во согласност со Колективниот договор на АД МЕПСО Скопје. Оваа состојба не е во согласност и со член 472 точка 3 од ЗТД, согласно која податоците регистрирани во трговските книги треба да се комплетни и целосни.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- промена на актот за систематизација во однос на прецизирање на видот на потребно образование за оние работни места каде степенот на стручна подготовка претставува општо барање;
- усвојување на пречистен текст на Правилникот за систематизација на работните места со сите негови измени;
- донесување на акт за утврдување на вредноста на коефициентот за пресметка на плати и промена на договорите за вработување согласно концептот на бруто плата;
- пресметката на додатокот за работен стаж да се врши само на основната плата на вработените и
- пресметката и исплатата на додатоците на плата да се врши согласно Колективниот договор.

## Финансиски извештаи

4.3.1. Согласно точка 5 од МСС 8[26], сметководствените политики се специфични принципи, основни конвенции, правила и практики кои треба да ги применува друштвото при подготовка и презентирање на финансиските извештаи. Сметководствените политики треба да придонесат за порелевантно обезбедување на информации во однос на користените проценки и нивното влијание врз финансиските трансакции, врз состојбата на средствата и остварениот финансиски резултат.

Со извршената ревизија констатиравме дека сметководствените политики на АД МЕПСО Скопје, се донесени во 2005 година и истите во одредени барања не ги претставуваат веродостојно финансиските трансакции, финансиската успешност, паричните текови и не се комплетни како што е пропишано во точка 7 и 10 од МСС 8. Со усвоените сметководствените политики не е опфатен:

[26] МСС 8 – Сметководствени политики, промени на сметководствени проценки и грешки

сметководствениот третман на примените донации, не е соодветно извршена проценка за веројатноста на наплатата на побарувањата, воведувањето на FSkar механизмот[27] и нетирањето на приходите и расходите по тој основ, разграничувањето на приходите и расходите во различни периоди на известување поврзани со балансниот механизам на АД МЕПСО Скопје, даночните третмани на услугите со домашните и странските резиденти, третманот на провизиите за неповлечени средства од кредити и каматите по истите. Не извршените промени и ажурирање на сметководствените политики во услови на значајни измени на работните процеси, како и промената на законската регулатива од областа, а со цел да се обезбедат поверодостојни и порелевантни информации во финансиските извештаи, не е во согласност со точка 14 од МСС 8 и има влијание при донесувањето на релевантни економски одлуки од страна на раководниот, управниот и надзорниот орган на друштвото.

Препорака

Органите на раководење и управување да преземат мерки и активности за донесување на нови сметководствени политики, сообразни со новите услови на работење и изменетата законска регулатива, начин на евидентирање на сметководствените проценки, остварувањето на приходите и расходите по основ на пренос на ЕЕ во електропреносната мрежа во земјата и странство.

4.3.2. АД МЕПСО Скопје е основано со Одлука на Владата[28] за поделба на Акционерското друштво за производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија „Електростопанство на Македонија" во државна сопственост, Скопје, раздвојување со основање. Врз основа на оваа Одлука со Решение[29], извршен е упис на АД МЕПСО Скопје во Основниот суд Скоје 1 во Скопје.

Од увидот во сметководствената евиденција утврдивме дека постои неусогласеност помеѓу сметководствената вредност на основната главнина во износ од 3.356.309 илјади денари и износот на запишаниот и уплатен капитал (основачки влог) во Централниот регистар на Република Македонија и Централниот депозитар за хартии од вредност во износ од 3.059.393 илјади денари. За разликата во износ од 296.916 илјади денари, не беа доставени веродостојни и точни документи за потврдување на причините и начините поради кои сметководствена вредност на основната главнина е зголемена како

[27] Financial Settlement of k*Δf, ACE and ramping period – Финансиско порамнување на k*Δf, ACE и рампинг период - механизам кој се применува кај операторите на електропреносните системи, членки на ENTOSO- E, таканаречен go-live период, при кој секојдневно се разменуваат и потврдуваат податоци за несакани отстапувања на ЕЕ

[28] Одлука број 23-3343/1 од 27.09.2004

[29] Решение Трег. број 5658/2004 од 31.12.2004 година

што е пропишано во член 420 од ЗТД, освен дадено образложение дека истата произлегува од делбениот биланс. Исто така за зголемување на основната главнина, не беа презентирани одлуки донесени од Собранието на друштвото - МТВ, како што е пропишано со членовите 383 став 1 точка 6 и 421 став 1 од ЗТД и член 11 став 1 точка 6 од Статутот на АД МЕПСО Скопје. Истовремено, наведената состојба не е во согласност со член 472 став 3 и став 4 од ЗТД со кој е уредено дека податоците во трговските книги мора да бидат целосни, комплетирани и истите треба да се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи.

Со оглед дека не е откриена причината за наведената разлика, а во текот на ревизијата не се доставени документи за износот на основната главнина, не сме во можност да ја потврдиме реалноста и објективноста на искажаната состојба на основната главнина во Билансот на состојба на ден 31.12.2021 година.

Препорака

Органите на раководење и управување во соработка со Собранието - МТВ да преземат активности за усогласување на податоците на основната главнина прикажани во сметководствената евиденција на АД МЕПСО Скопје со податоците од Централниот регистар и од акционерска книга издадена од Централен депозитар за хартии од вредност.

4.3.3. Согласно одредбите од ЗТД, АД МЕПСО Скопје има обврска најмалку еднаш годишно да изврши попис на средствата и обврските и да ја усогласи нивната сметководствена со фактичката состојба утврдена со пописот. За вршењето на пописот во 2021 година донесена е Одлука[30], со која е формирана Централна пописна комисија и поединечни пописни комисии. По завршениот попис врз основа на поединечните извештаи, изготвен е Извештај на Централната пописна комисија за извршениот редовен попис за 2021 година[31], усвоен со Одлука на Управен одбор[32]. Со извршената ревизија на презентираниот пописен материјал, констатирани се наведените состојби:

- АД МЕПСО Скопје нема донесено посебен акт со кој го уредува начинот на попис на средствата и обврските како што е предвидено во член 5 од Правилникот[33];
- Извештајот од Централната пописна комисија како и извештаите од

[30] Одлука за формирање на пописни комисии УО бр.02-6502/4 од 16.11.2021 година
[31] Извештај на Централната пописна комисија за извршениот редовен попис за 2021 година бр.05-549/1 од 31.01.2022 година.
[32] Одлука на Управен одбор, УО бр.02-950/25-1 од 16.02.2022 година
[33] Правилник за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот, Службен Весник на Република Македонија, број 107 од 2011 година.

поединечните пописни комисии содржат податоци за вредноста на средствата кои треба да се расходуваат и средствата кои се кусоци. Истите не содржат податоци за: преглед на материјални (физички) и вредносни разлики меѓу фактичката и сметководствената состојба, причините за разликите и забелешки и објаснувања во врска со утврдени разлики дадени од лицата кои ракуваат со средствата, како што е предвидено во член 12 од Правилникот;

- со исклучок на материјалите средства, залихите на суровини, материјали, резервни делови и ситен инвентар и паричните средства на кои е извршен попис на крајот на 2021 година, пописот на побарувањата од купувачите не е сеопфатен и целосен, додека на останатите средства и извори на средства не е извршен попис. Имено не е направен попис на значајни позиции од финансиските извештаи и тоа на: нематеријалните средства, материјални средства во подготовка, авансите за набавка на материјални средства, долгорочни финансиски средства, платените трошоци за идни периоди, обврските кон добавувачите и другите обврски, потоа обврските за долгорочните кредити, одложените плаќања на трошоци и приходи на идни периоди, основна главнина и резервите. Поради тоа на дел од средствата и обврските не е направено усогласување на нивната сметководствена со фактичката состојба утврдена со пописот како што е уредено со член 3 и 4 од Правилникот;
- материјалните средства и залихи кои се предмет на попис не се означени со соодветни етикети, декларации, бар кодови или со други пропишани ознаки, што не е согласно член 9 став 2 точка 4 од Правилникот;
- пописните листи се составени според локацијата на артиклите по магацини, организациони единици, задолжени лица и слично, а не според аналитичките сметки на средствата кои се предмет на пописот, во нив се утврдени фактичките количини, но не и вредносните показатели поединечно за средствата, што не е во согласност со член 10 став 4 и став 5 од Правилникот;
- по извршениот физички попис, во пописните листи не се внесени податоци за сметководствената материјална состојба на попишаните средства, а на ревизијата не и беше приложен доказ дека пописните комисии презеле активности за утврдување на вредносни разлики помеѓу сметководствена и фактичка состојба на средства, што не е согласно член 11 од Правилникот;
- во пописните листи за градежните објекти недостасуваат податоци за вредноста, како и податоци кои поблиску го опишуваат објектот (локација, имотен лист, површина), што не е согласно член 11 точка 1 и точка 3 од Правилникот;
- средствата чија вредност е намалена поради оштетување, неисправност, застареност и слично не се попишани на посебни пописни листи, а расходот

е нотиран на самите пописни листи заедно со останатите средства, што не е во согласност со член 10 став 10 од Правилникот;

- не е извршено издвојување на нефункционалниот инвентар, опрема и слично што не е во согласност со член 9 став 2 точка 6 од Правилникот;
- постојат пописни листи кои сè уште се водат на лица кои поради различни причини веќе не се во работен однос во друштвото и
- дел од пописните листи не се целосно потпишани од сите членови на комисиите и ракувачот (одговорно лице), што не е во согласност со член 11 став 10 од Правилникот.

Горенаведениот начин на вршење попис не е во согласност со член 473 став 1 од Законот за трговските друштва и истиот не обезбедува целосно usогласување на сметководствената состојба на средствата и обврските со фактичка состојба утврдена со пописот што влијае врз реално и објективно искажување на податоците во финансискиот извештај - Биланс на состојба на ден 31 декември како и на квалитетот на информациите кои ги дава истиот.

Препорака

Органите на раководење и управување да ги преземат следните мерки и активности:

- донесување на посебен акт со кој се уредува начинот на попис кој одговара на специфичностите на дејноста и на карактеристиките на средствата и обврските кои се предмет на пописот;
- извештаите од Централната пописна комисија и поединечните пописни комисии да ги содржат сите податоци кои се предвидени со Правилникот;
- вработените кои се задолжени со средствата што се попишуваат и нивните непосредни раководители пред започнување на пописот да ги преземат сите подготвителни активности меѓу кои и означување на предметите со бар кодови и други пропишани ознаки;
- во пописните листи покрај количините да се внесат и вредностите поединечно за секое средство и обврска, како услов за усогласување на фактичката со сметководствената состојба;
- при вршење на попис да бидат опфатени сите средства и обврски, за сите поединечно да се изготват пописни листи според аналитички сметки во сметководствената евиденција, таму каде е потребно да се внесат податоци кои поблиску го опишуваат средството;
- средствата чија вредност е намалена поради оштетување, неисправност, застареност и слично да се попишат на посебни пописни листи;
- да се изврши издвојување на оштетениот, неисправен и застарен инвентар, и опрема и
- пописните листи да бидат потпишани од сите членовите на пописната комисија.

4.3.4. Со донесување на Одлуката за усвојување на Извештајот за извршениот редовен попис со состојба на 31.12.2021 година, УО на АД МЕПСО Скопје меѓу другото го прифатил предлогот на пописните комисии за расход на материјални средства со набавна вредност од 10.189 илјади денари и сегашна вредност од 278 илјади денари, кои поради дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност повеќе не се користат. При тоа, УО донел Одлука за формирање на комисија за расход[34], чија обврска била да го собере на едно место пријавениот расход на материјални средства за 2021 година, истиот да го класифицира и да ги утврди неговите карактеристики согласно Законот за управување со отпад, како и друга сродна позитивна законска и подзаконска регулатива. По тој основ, Комисијата за расход во мај 2022 година изготвила Извештај[35], кога е извршена и процена на утврдениот расход, по што УО донел Одлука[36] за преземање на сите потребни дејствија за отпочнување и спроведување на законска постапка за отуѓување на проценетиот имот (утврдениот расход) во согласност со одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост [37].

Со извршениот увид во деловните книги на друштвото утврдивме дека расходот на материјални средства кој бил констатиран во периодот од 2018 до 2021 година, со вкупна набавна вредност во износ од 108.140 илјади денари и вкупна сегашна вредност во износ од 1.516 илјади денари (во периодот на расходување), се води во сметководствена евиденција на друштвото, но за истиот не бил искажан трошок на крајот на соодветниот пресметковен период. Неевидентираните трошоци предизвикале нереално искажан финансиски резултат и нереално утврдување на основата за оданочување со данокот на добивка, односно во периодот од 2019 до 2021 година, утврдена е помала основица за пресметување на данок на добивка во вкупен износ од 1.441 илјади денари. Дополнително, за расходуваните средства кои сѐ уште имале сегашна вредност, продолжило да се пресметува амортизација, што влијае на повеќе прикажани расходи во финансискиот извештајот - Биланс на успех по тој основ. Овој начин на воспоставена евиденција не е во согласност и со член 9-а став 5 од Законот за данок на добивка, со кој е уредено дека *„преостанатата сегашна вредност на средствата кои не можат понатаму да се користат може да се амортизира во целина независно од пропишаниот век на траење, а за да*

[34] Одлука за формирање на комисија за расход УО бр.02-950/25-6 од 16.02.2022 година
[35] Извештај бр.05-3109 од 27.05.2022 година на комисија за расход
[36] Одлука УО бр.02-2961/10 од 20.05.2022 година
[37] Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл. Весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18, „Сл. Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 275/19, 122/21)

*во целина влезе како расход при утврдување на основата за оданочување, потребна е согласност од УЈП*‘.

Наведените состојби имаат влијание на реално и објективно искажување на податоците во финансискиот извештај – Биланс на успех за 2021 година, даночниот биланс за оданочување на добивката. Исто така, имајќи ја во предвид Методологијата за пресметка на регулиран максимален приход за регулирана дејност пренос на електрична енергија[38], со која е уредено дека при формирање на цената на ЕЕ од страна на РКЕ се зема вредноста на средствата кои се користат за вршење на регулираната дејност, преку пријавување на вредноста на расходуваните средства од страна на АД МЕПСО Скопје, се влијае на зголемување на крајната цената за ЕЕ.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да ги преземат следните мерки и активности:

- да се продолжи со активностите за отуѓување на движните ствари за кои при вршењето на пописот на средствата е утврдено дека се дотраени, неупотребливи или технолошки застарени, поради што не се користат, во согласност со постапката која е уредена со законската регулатива, а по претходно обезбедена одлука за согласност од Владата. По нивното физичко отстранување, надлежните лица кои ги водат трговските книги, врз основа на изготвени записници за примопредавање, истите да ги отстранат од сметководствената евиденција;
- за утврдениот расход на материјални средства со пописот, да се воспостави евиденција на трошоци во соодветниот пресметковен период, односно износот на преостанатата сегашна вредност на средствата кои не можат понатаму да се користат, треба да се амортизира во целина независно од пропишаниот век на траење, при што таквата амортизација доколку не е издадена согласност од УЈП за признат расход, се вклучува во утврдување на основата за оданочување со данокот на добивка.

4.3.5. Во трговските книги на АД МЕПСО Скопје со состојба на 31.12.2021 година евидентирано е земјиште со набавна вредност од 21.578 илјади денари. Поради утврдени разлики меѓу сметководствената и фактичката состојба на земјиштето по извршени пописни активности во претходните години, УО на

[38] Прилог 1 - Методологија за пресметка на регулиран максимален приход за регулирана дејност пренос на електрична енергија од Правилникот за начинот и условите за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 95/19, 103/19 и 161/20 и 143/21) .

АД МЕПСО Скопје со Одлука[39] ја задолжил Геодетската служба[40], во рамките на пописот за 2021 година, да изврши контрола и споредување на податоците за земјиштето од сопствената евиденција и трговските книги со истите од катастарскиот операт на АКН. По спроведената контрола изготвен е Извештај[41] во кој за сметководствената евиденција констатирани се следните состојби:

- постои несовпаѓање со АКН за називите на катастарските општини и површините на катастарските парцели;
- евидентирани се неизложени парцели и недвижности што не постојат во катастарскиот операт, како и двојно водење на исти површини и
- евидентирани се парцели кои се во сопственост на Република Северна Македонија или во приватна сопственост (физички лица), како и парцели на кои е воспоставено право на службеност[42].

Во февруари 2022 година, од страна на УО донесен е Заклучок[43] со кој ги задолжува Секторот за правни и општи работи и Секторот за финансиски работи да извршат уште една проверка за усогласеноста на констатациите содржани во Извештајот од Геодетската служба со податоците од катастарскиот операт, одделот за сметководство, службата за експропријација и геодетската служба за обезбедување точна и целосна евиденција на земјиштето. За таа цел, донесено е Решение[44] за формирање на работна група која изготвила Извештај[45] во кој е потврдено дека има разлика во податоците од материјалната и сметководствената евиденција на земјиштата со податоците од Секторот за правни и општи работи, подружницата ОПМ, како и имотните листови.

Со извршената ревизија и направениот увид во доставена документација и искажаните вредности на земјиштето во сметководствената и материјалната евиденција ги утврдивме следите состојби:

- најголемиот дел од евидентираното земјиштето (43%) претставува земјиште на кое е изграден приклучок[46], а е добиено со пренесеното право на сопственост и надомест за приклучување на постројката за комбинирано

[39] Одлука за формирање на пописни комисии УО бр.02-6502/4 од 16.11.2021 година.
[40] Геодетска служба при Оддел за имотно правни работи во Сектор за правни и општи работи во АД МЕПСО Скопје.
[41] Извештај за извршена проверка со Наоди и Заклучок бр.05-228 од 13.01.2022 година
[42] Службеноста е стварно право на туѓа ствар, кое се состои во овластување на нејзиниот носител во определен обем и на определен начин да ја користи таа ствар, а сопственикот на стварта е должен тоа да го трпи или ништо да не стори.
[43] Заклучок УО број 02-950/25-4 од 16.02.2022 година
[44] Решение број 04-1250/1 од 08.03.2022 година за формирање на работна група по заклучокот од УО
[45] Извештај број 03-3360 од 08.06.2022 година.
[46] Договор број 02-7538 од 10.11.2009 година.

производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО на електропреносната мрежа на Република Северна Македонија. Неговата вредност е проценета на 9.349 илјади денари;

- земјиштето во износ од 8.040 илјади денари (37%) е во сопственост на АД МЕПСО Скопје, Република Северна Македонија или во нивна заедничка сопственост, како и во заедничка сопственост со физички лица и
- земјиштето во износ од 4.189 илјади денари (20%) се однесува на евидентирани парцели кои не се во сопственост/владение на АД МЕПСО Скопје, туку се во приватна сопственост, парцели на кои е воспоставена службеност, а не потполна експропријација, земјишта кои не постојат во АКН или за истите не е формирана катастарска парцела.

Одговорните лица за раководење и управување иако презеле активности за утврдување на состојбата на земјиштето кое е евидентирано во трговските книги и потврдиле дека постојат разлики со евиденциите кои ги водат различни организациони единици во рамките на АД МЕПСО Скопје, се уште не е извршено усогласување на сметководствената состојба со фактичката. Воспоставената евиденција не е во согласност со член 472 став 3 и став 4 од Законот за трговски друштва со кои е уредено дека податоците во трговските книги мора да бидат целосни, комплетирани и истите треба да се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи, што влијае на реалното и објективно прикажување на податоците за земјиштето во финансискиот извештај – Биланс на состојба на ден 31 декември 2021 година.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да продолжат со преземените мерки и активности за целосно усогласување на сметководствена евиденција на земјиштето со фактичката состојба и имотните листови.

4.3.6. Преносот на електрична енергија е регулирана енергетска дејност и се врши во согласност со Законот за енергетика и други закони и подзаконски акти, прописи и правила донесени или одобрени од РКЕ како и со условите за вршење на дејноста утврдени во издадените лиценци за вршење на соодветната енергетска дејност. Во сопственост на АД МЕПСО Скопје е електропреносната мрежа што се состои од линиски инфраструктурни објекти (далекуводи), трансформаторски станици (трафостаници), постројки, објекти и средства што се во функција на вршење на енергетската дејност – пренос на електрична енергија и управување со електропреносниот систем кој функционира на 400kV и 110kV напонско ниво.

Градежните објекти, постројките и опремата евидентирани во трговските книги на АД МЕПСО Скопје се проценети со сегашна вредност од 6.145.972

илјади денари и истите претставува 46% од вкупната актива на друштвото. Со извршената ревизија ги утврдивме следниве состојби:

- преносната мрежа со која управува и ја одржува друштвото интегрира 109 далекуводи. Дел од нив (30 далекуводи) се запишани во АКН и АД МЕПСО Скопје располага со имотен лист со право на сопственост врз основа на член 5а од Законот за изменување и дополнување на Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија[47] и Планот за поделба на АД ЕСМ. За останатите 79 далекуводи, за кои друштвото не располага со имотни листови, отпочнати се постапки за утврдување на правниот статус за нивно евидентирање во АКН. Запишувањето на правото на сопственост за далекуводите кои се распоредени на површината на целата држава претставува сложена постапка, бидејќи за истата е потребно решавање на имотно правните односи за земјиштето на кое се поставени, голем е бројот на столбни места каде поминува далекуводот, а во одредени случаи и поради тоа што не може да се утврди основот за стекнатото право на сопственост. Истовремено, со извршената ревизија утврдивме дека постои неусогласеност помеѓу бројот на далекуводи со кои управува и ги одржува Одделот за далекуводи (109), бројот на евидентирани далекуводи во Одделот за сметководство (103) и нивниот број според евиденцијата на Одделот за имотно правни работи (100);
- според податоците од Одделот за трансформаторски станици, преносната мрежа според напонското ниво интегрира 5 трансформаторски станици (ТС) 400/110kV и 55 ТС - 110/(35,20,10,6) kV, од кои 4 се во сопственост на АД МЕПСО Скопје, а останатите се во заедничка сопственост со ЕВН Македонија АД, АД ЕСМ и големите потрошувачи директно приклучени на електропреносната мрежа. Според податоците од Одделот за имотно правни работи, во АКН запишани се 32 трафостаници и за истите се обезбедени имотни листови, од кои 10 со право на сопственост на АД МЕПСО Скопје и 3 со заедничка сопственост на ЕВН Македонија АД и со еден голем потрошувач. За останатите 19 трафостаници право на сопственост има запишано ЕВН Македонија АД, а за 17 трафостаници не се запишани права на сопственост. Во Табела број 1, претставен е бројот на трафостаници од преносната мрежа според податоци од одделите во АД МЕПСО Скопје:

[47] Законот за изменување и дополнување на Законот за преобразба на електростопанство на Македонија АД за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост (Службен Весник на Република Македонија бр.109/05).

Табела број 1 - Преглед на состојбата на трафостаниците од преносната мрежа на АД МЕПСО Скопје, според податоци од различни оддели

| | | **Оддел за трансформаторски станици** | **Оддел за имотно правни работи** | **Оддел за сметководство** |
|---|---|---|---|---|
| **Напонско ниво** | 400 kV | 5 | 5 | од доставените податоци неможевме да го потврдиме бројот на трансформатор. станици |
| | 110 kV | 55 | 44 | |
| | **Вкупно** | **60** | **49** | |
| **Сопственост** | АД МЕПСО | 4 | 10 | |
| | АД МЕПСО/ЕВН Македонија АД | 42 | 2 | |
| | АД МЕПСО/АД ЕСМ | 7 | | |
| | АД МЕПСО/голем потрошувач | 7 | 1 | |
| | ЕВН Македонија АД | | 19 | |
| | пописен лист со незапишани права | | 17 | |
| | **Вкупно** | **60** | **49** | |

Со извршената ревизија утврдивме дека постои неусогласеност помеѓу бројот на трафостаници со кои управува и ги одржува Одделот за трансформаторски станици и бројот на евидентирани трафостаници со кои располага Одделот за имотно правни работи. Според расположливите податоци во сметководствената евиденција не е можно да се утврди бројот и вредноста на трансформаторски станици поради тоа што истите се евидентираат по делови на различни сметки за градежни објекти, постројки и опрема и со неусогласени називи.

- согласно Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија[48], член 5а од Законот за изменување и дополнување на законот за преобразба на Електростопанство на Македонија[49] и Планот за поделба на АД ЕСМ Скопје, дел од трафостаниците кои требало да бидат во заедничка сосопственост на АД МЕПСО Скопје и ЕВН Македонија АД, според издадените имотни листови се впишани во сопственост само на ЕВН Македонија АД. Имено, иако во повеќе наврати АД МЕПСО Скопје барало решение за надминување на оваа состојба, од страна на АКН не е извршен упис на правото на сопственост на трафостаниците на АД МЕПСО Скопје по овој основ. Во март 2021 година Генералниот директор на АД МЕПСО Скопје, донел Решение[50] за формирање на работна група со задача да се изработи преглед на незапишани

[48] Закон за преобразба на Електростопанство на Македонија, акционерско друштво за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост (Службен Весник на Република Македонија број 19/04)
[49] Законот за изменување и дополнување на Законот за преобразба на електростопанство на Македонија АД за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост (Службен Весник на Република Македонија бр.109/05)
[50] Решение број 04-1755 од 18.03.2021 година

трафостаници и да предложат решенија за запишување на правото на сопственост/сосопственост на име на АД МЕПСО Скопје. Работната група изготвила Информација[51] со која е предложено двете друштва да склучат договор, со кој ЕВН Македонија АД ќе му отстапи без надомест на АД МЕПСО Скопје идеален дел од трафостаници кој одговара на фактичката состојба на терен. До периодот на завршување на ревизијата склучени се договори со кои АД МЕПСО Скопје има запишано право на сосопственост на идеален дел на 2 трафостаници. Дополнително, со извршениот увид во имотните листови, утврдивме дека за 2 трафостаници[52] запишано е право на залог (хипотека) за износ на побарување од 77 милиони евра на ЕБОР како носител на право (доверител), при што хипотекарен должник е запишана ЕВН АД Македонија, како носител на право (сопственик). Поради не потврдено правото на сопственост на АД МЕПСО Скопје, одлуките во кои постои ризик за отуѓување на средствата над кои е воспоставена хипотека, се носат без негова согласност.

Утврдените разлики во бројот на далекуводи и трафостаници меѓу евиденциите на одделите во АД МЕПСО Скопје не овозможуваат со сигурност да се потврди нивната комплетност и точност, како што е уредено со член 472 став 3 од Законот за трговски друштва. Ненавременото преземање мерки и активности за задолжително запишување на правото на сопственост на средствата е спротивно на член 142 и 156 од Законот за катастар на недвижности и не овозможува да се потврди правото на сопственост на друштвото врз истите. Овие состојби влијаат на реално и објективно искажување на податоците во финансиските извештаи за 2021 година. Истовремено истакнуваме дека овие состојби влијаат на висината на тарифата за пренос на ЕЕ, која се утврдува со одлука од страна на РКЕ врз основа на официјални сметководствени податоци и финансиски евиденции доставени од АД МЕПСО Скопје. Имено, вредноста на искажаните постојани средства освен земјиштето, согласно Правилникот[53] и Методологија за пресметка на регулиран максимален приход за регулирана дејност пренос на електрична енергија, влијае на параметрите при формирањето на цената на тарифите за преносот на ЕЕ, преку вредноста на амортизацијата, приносот на регулираните средства во базната година и просечната вредност на регулираните средства.

[51] Информација бр.04-1755/2 од 02.04.2021 година

[52] ИЛ бр.8123 ТС Крива Паланка и ИЛ бр.3477 ТС Кичево

[53] Правилник за начинот и условите за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 95/19, 103/19, 161/20 и 143/21)

**Препорака**

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности:

- во соработка со АКН, да извршат упис и регулирање на сопственоста на сите далекуводи и трафостаници кои со поделбата припаѓаат во сопственост на АД МЕПСО Скопје и за истите да обезбеди имотни листови и
- преземат мерки за обезбедување на сите потребни документи за точно и целосно сметководствено евидентирање на далекуводите и трафостаниците во согласност со податоците од имотните листови, како и усогласување на евиденциите во рамките на организационите единици на друштвото.

4.3.7. Со извршениот увид во трговските книги на АД МЕПСО Скопје констатиравме дека нематеријалните и материјалните средства во подготовка со состојба на 31.12.2021 година изнесуваат 1.437.920 илјади денари и истите се однесуваат на започнати, но недовршени инвестициски вложувања на АД МЕПСО Скопје. Со ревизијата ги утврдивме следниве состојби:

- Нематеријални средства во подготовка изнесуваат 32.320 илјади денари и истите се однесуваат на започнати проекти во периодот од 2012 до 2018 година за изготвување на физибилити студии и мастер планови за изградба на ски центри Галичица и Јабланица, како и основни проекти и техничка документација за ски центри во Берово, Плачковица и Голак. Со претходно спроведената ревизија на регуларност за 2016 година, овластениот државен ревизор обелодени состојби за вложени средства кои не се во функција на дејноста на друштвото „пренос на електрична енергија“ , а кои имаат влијание врз неговото работење и препорача да се преиспита финансирањето на наведените активности.

  Во 2018 година од страна на Владата донесен е заклучок[54] основните проекти, физибилити студии и мастер – планови, кои се изработени од друштвото, органите на управување на АД МЕПСО Скопје да ги достават на соодветната општина, на чија територија се однесува проектот. Истовремено општините да бидат запознаени дека проектите се ставаат на нивно располагање, со можност за евентуално реализирање во иден период од страна на потенцијални инвеститори кои би ги финансирале, при тоа имајќи во предвид дека дел од проектите не можат да се реализираат поради нивното неповолно влијание врз животната средина. Во текот на извршување на ревизијата не се презентирани докази и информации со кои се потврдува дека е постапено по заклучокот на Владата и постојните проекти се доставени до општините.

[54] Извадок од Нацрт-записникот на 76-та седница на Владата на РМ бр.44-4897/1 од 26.06.2018 година

Ваквиот начин на делување не е во согласност со правниот стандард за должно внимание, кој е уреден со ЗТД, како и со барањата од Правилникот за водење на сметководството[55] (МСС – 38 Нематеријални средства и МСС 36 – Обезвреднување на средствата), со кои е пропишано дека нематеријалните средствата треба да се признаваат само доколку друштвото има идни економски користи за време на неговиот корисен век на употреба и за истите на крајот на секој период треба да се процени неговиот надоместлив износ. Овие состојби влијаат на реалноста и објективноста на искажаните средства во Билансот на состојба на ден 31 декември 2021 година.

- Во трговските книги на АД МЕПСО Скопје, материјални средства во подготовка се евидентирани во вкупен износ од 1.405.600 илјади денари, а се однесуваат на проекти за изградба, рехабилитација, ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем на АД МЕПСО Скопје. Овие проекти се финансирани од средства од повеќе кредитни линии, врз основа на потпишани договори за заеми и грантови со меѓународни финансиски институции (Прилог број 2). Со извршената ревизија ги утврдивме следните состојби:

  - во мај 2021 година ставен е во употреба проектот "Изведба на реконструкција и адаптација на фасада со цел подобрување на енергетската ефикасност и реконструкција на внатрешност на административна зграда – Дирекција на АД МЕПСО" со вкупна вредност од 547.058 илјади денари, иако за истиот не е извршен технички преглед и не е обезбедено одобрение за употреба, како што е пропишано со членовите 89, 90 и 93 од Законот за градење. Со спроведената ревизија на регуларност за 2016 година за овој проект биле утврдени низа неправилности во делот на доделување на договори за изработка на идејно решение и ревидиран основен проект, работи за изведба на реконструкцијата, следењето на реализацијата и надзор на истите. Проектот е започнат во 2014 година и целосно требал да биде реализиран до крај на јули 2016 година, но до денот на извршување на ревизијата истиот не е целосно завршен.

    Во ноември 2022 година склучен е договор[56] за набавка на услуги: „Надзор на реконструкција на административна зграда на АД МЕПСО Скопје" со која се очекува целосно да се заврши објектот, организирање на технички преглед и добивање на одобрение за употреба согласно одредбите од Законот за градење.

[55] Правилникот за водење сметководство („Службен весник на Република Македонија,, бр.159/09, 164/10, 107/11)
[56] Договор број 05-4811/3 од 25.11.2022 година

- вложувањата во SCADA системот[57] претставуваат 14,5% од вкупните материјалните средства во подготовка или 204.393 илјади денари и истите се ставени во употреба и генерираат приход, без притоа да бидат признаени соодветни расходи. Поради несоодветно воспоставената сметководствена евиденција, овие средства не претставуваат признаени недвижности, постројки и опрема, односно за нив не е пресметан и признаен трошок за амортизација во претходниот период и во тековната 2021 година, што има влијание врз позициите во финансиските извештаи. Во јули 2022 година, одговорните лица во АД МЕПСО Скопје спровеле соодветно сметководствено евидентирање за корекција на направениот пропуст.
- во периодот од 2005 до 2019 година направени се инвестициски вложувања во опрема, консултантски услуги, платени провизии за одобрување на заемите и неповлечени средства за заеми по проекти во износ од 428.352 илјади денари, кои претставуваат 30% од материјални средства во подготовка, без нивно соодветно алоцирање по средства и преземање активности за ставање во употреба. Оваа состојба произлегува од недостатокот на информации за поврзување на вложувањата со конкретното средство.

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите од Законот за градење и член 472 став 3 од Законот за трговски друштва со кој е предвидено дека сите податоци регистрирани во трговските книги мора да бидат целосни и комплетирани, навремени, ажурирани и хронолошки, што влијае на реалноста и објективноста на искажаните средства во финансиските извештаи и расходите во билансот на успех.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- реална процена на вредноста на нематеријалните средства, а оние нематеријални средства кои имаат употребна вредност и услови за нивна реализација да се отстапат на соодветните општини и
- утврдување на фактичката состојба на материјалните средства во подготовка, нивно реално и објективно прикажување и евидентирање во трговските книги согласно регулативата.

[57] SCADA систем-Extension Supervisory Control and Data Acquisition System - Надзорна контрола и систем за стекнување податоци на екстензија

4.3.8. Во периодот од 2012 до 2021 година, АД МЕПСО Скопје има примени донации во постројки и опрема[58], кои со состојба на 31.12.2021 година во трговските книги на друштвото се искажани со вкупна сегашна вредност од 903.322 илјади денари.

Дел од донациите претставува постапување според Мрежните правила за пренос на електрична енергија, односно предавање на право на сопственост и надомест за приклучување на постројка за комбинирано производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО на електропреносната мрежа на Република Северна Македонија, согласно склучениот договор во ноември 2009 година[59] во износ од 537.730 илјади денари.

Најголем дел или околу 740.400 илјади денари (12 милиони евра) претставуваат донација по склучен договор во февруари 2016 година, помеѓу АД МЕПСО Скопје и ЕБОР, реализиран од Инвестицискиот фонд за Западен Балкан за финансирање на изградба и набавка на постројки и опрема. До 2021 година, АД МЕПСО Скопје има искористено 86% од донираните средства или околу 635.510 илјади денари (10,3 милиони евра). Со извршениот увид во трговските книги ги утврдивме следните состојби:

- за 72% од донираните искористени средства или 459.743 илјади денари, не се доставени докази за потврдување на видот на изградените/набавените постројки и опрема и дали истите се употребуваат, што не е во согласност со член 472 став 4 од Законот за трговските друштва каде е уредено дека трговските книги се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи и
- начинот на сметководствено евидентирање на донираните средства не се врши согласно член 469 од Законот за трговски друштва, односно Правилникот за водење сметководство, каде во точките 24, 17, 18 од МСС 20[60] утврден е начинот на презентирање на донациите кои се добиени во вид на средства[61], како и признавањето на средствата на кои се врши пресметка на амортизација, кои влијаат на добивката/загубата во периодите во соодност во кој се признава расходот за амортизација на тие средства[62]. Поради тоа,

---

[58] Постројка за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО, земјиште, возила, софтвери, компјутерска опрема, мерни инструменти

[59] Договор бр.02-7538 од 10.11.2009 година

[60] МСС 20 - Сметководство за државни поддршки и обелоденување на државна помош

[61] Точка 24 – „Државните поддршки што се однесуваат на средства, вклучувајќи ги и немонетарните поддршки според објективна вредност, треба да бидат презентирани во извештајот за финансиска состојба било преку ставање на поддршката како одложен приход или преку одземање на поддршката за да се дојде до сметководствената вредност на средството.“

[62] Точка 17 „ Поддршките поврзани со средства што се депрецираат вообичаено се признаваат во добивката или загубата во периодите и во соодност во кој се признава расходот за депрецијација на тие

вредноста на средствата е за 132 илјади денари поголема од искажаниот износ на одложените приходи, додека пресметаните трошоците за амортизација на постројките и опремата набавени од донирани средства се за 12.715 илјади денари поголеми од искажаниот приход по тој основ (во 2021 година наведената разлика изнесува 350 илјади денари).
Во прилог кон добиените забелешки од страна на АД МЕПСО Скопје доставен е налог од 30.11.2022 година со кој се спроведени корективни книжења и искажани се приходи во износ од 9.349 илјади денари.

Утврдените состојби не се во согласност со член 469 и 472 став 3 од ЗТД согласно кои друштвата ги водат своите трговски книги согласно МСС и податоците регистрирани во истите треба да се целосни, комплетни и навремено ажурирани што влијае врз реалното искажување на податоците во финансиските извештаи.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да ги преземат следните мерки и активности:

- целосно комплетирање на документацијата за донираните средства како основ за нивно евидентирање и нивниот третман во трговските книги и
- воспоставување и водење на сметководствената евиденција на донациите во согласност со Правилникот за водење сметководство.

4.3.9. Со состојба на 31.12.2021 година, долгорочните финансиски средства искажани во трговските книги на АД МЕПСО Скопје изнесуваат 149.196 илјади денари и истите претставуваат пренесени состојби од претходниот период. Најголем дел, 95% од долгорочните вложувања или 142.288 илјади денари се евидентирани во 2018 и 2019 година како резултат на извршените вложувања согласно член 237 точка 9 од Законот за енергетика и Одлуката на УО[63] за основање на МЕМО ДООЕЛ Скопје, како оператор на пазар на електрична енергија во целосна сопственост на АД МЕПСО Скопје.

средства". Точка 18 – „Поддршките што се однесуваат на средства што не се депрецираат може, исто така, да бараат исполнување на извесни обврски за да потоа бидат признаени во добивката или загубата во периодите што го сносат трошокот за исполнување на тие обврски. На пример, доделувањето на земјиште може да биде условено со подигање на зграда на тој простор и може да биде соодветно да се признава поддршката во добивката или загубата во текот на животниот век на зградата".

[63] Одлука на УО бр.02-5479/1 од 31.08.2018 година

Долгорочните вложувања во износ од 2.459 илјади денари потекнуваат од 2016 година и претставуваат пристапување, постапување и финансирање на САО SEE[64], во согласност со заклучоците донесени од Владата[65] и Одлука на УО[66].

За останатите долгорочни вложувања во износ од 4.449 илјади денари, добиени се информации дека претставуваат вложувања од 2005 година, на АД МЕПСО Скопје во правен субјект[67], а согласно Планот за поделба на АД ЕСМ, донесена Одлука на УО[68] за отстапување на основачки влог на АД МЕПСО Скопје и Одлука[69] за согласност од Владата. Во текот на ревизијата за овие вложувања не се презентирани уредни и веродостојни финансиски документи за потврдување на правниот основ, нивната реалност и објективност, како и вредносното значење на вложувањата од денешен аспект. Исто така, за вложувањето не е направено вредносно усогласување согласно сметководствените политики на друштвото.

Внесување на податоци во трговските книги без целосни, комплетни и веродостојни сметководствени документи, не е во согласност член 472 став 3 и став 4 од ЗТД.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да ги разгледаат искажаните состојби, да обезбедат веродостојни документи за разрешување на состојбите за правниот основ на вложувањата и да извршат нивно вредносно усогласување, во согласност со сметководствените политики и законската регулатива.

4.3.10. Со извршениот увид на постојаните средства во трговските книги на АД МЕПСО Скопје утврдивме дека резервните делови од магацините во Скопје 4, Штип и Битола во износ од 18.619 илјади денари се евидентирани како градежни објекти, поради што за истите пресметана е амортизација во вкупен износ од 2.790 илјади денари (465 илјади денари во 2021 година). Исто така, со ревизијата утврдивме дека за ново набавените постојани средства, пресметувањето на амортизација не започнува откако средството е активирано за вршење на основната дејност, односно кога станува расположливо за употреба, туку во иден период што не е во согласност со член 7 од Уредбата за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните

[64] САО SEE - Канцеларијата за координирана аукција на капацитети на Југоисточна Европа
[65] Заклучоците од 15-та седница на Владата на РМ бр.42-1027/1 од 15.03.2016 година
[66] Одлука УО бр. 02-3221/1 од 26.05.2016 година
[67] Електроенергетскиот Координационен Центар Белград (ЕКЦ)
[68] Одлука УО бр.02-4509/20/3 од 22.08.2005 од АД Електростопанство на Македонија во државна сопственост Скопје
[69] Одлука бр.19-3259/1 од 06.10.2005 година од Влада на Република Македонија

амортизациони стапки, како и начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на материјалните и нематеријалните средства[70].
Една од причините за несоодветно пресметаната амортизација се недостатоците и слабостите на постоечката апликација за водење на постојаните средства.
Наведените состојби укажуваат на несоодветна примена на Правилникот за водење сметководство и наведената Уредба, со кои се регулираат сметководственото признавање и мерење на залихите и начинот на пресметка на амортизацијата, што влијае врз реалноста и објективноста на искажаните податоци за градежни објекти и залихи во билансот на состојба на ден 31 декември 2021 година, искажаните трошоци при ставање на залихите во употреба и амортизацијата, а со тоа и резултатот од работењето во финансискиот извештај - Биланс на успех.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за реално и објективно признавање и мерење на залихите, нивно соодветно сметководствено евидентирање и навремено пресметување на амортизацијата за ново набавените средства.

4.3.11. Во периодот од август до декември 2021 година, по предизвикани дебаланси на ЕЕ од страна на правни лица – трговци на ЕЕ (БОС), во трговските книги на АД МЕПСО Скопје евидентирани се побарувања по тој основ, како и побарувања за казни и штети претрпени поради прекин на испорака на договорени количини на ЕЕ. Доставените фактури до четири трговци за ЕЕ, се однесуваат на побарувања во вкупен износ од 930.115 илјади денари, кои според надлежните лица во Секторот за финансиски работи не можат да се наплатат.
Во 2022 година од овие отпишани побарувања наплатени се средства во износ од 75.463 илјади денари кои се искажани како приход. Во услови кога се забележани тешкотии во наплатата на побарувањата, Секторот за финансиски работи доставил барање[71] до УО на АД МЕПСО Скопје со предлог за нивна резервација. Со Одлука од УО[72] побарувањата биле резервирани, за што соодветно се евидентирани трошоци и извршен е отпис по пат на исправка на вредноста и истите се искажани како непризнаен расход во даночниот биланс. Надлежните лица како причина за извршеното вредносно усогласување на побарувањата, ја истакнуваат потребата за искажување на реален финансиски

[70] Уредба за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки, како и начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на материјалните и нематеријалните средства („Службен весник на Република Северна Македонија„бр.277/19).
[71] Барање бр.05-1117/1 од 24.02.2022 година од Секторот за финансиско работи
[72] Одлука УО за резервирање на побарувањата бр.02-1136/5 од 24.02.2022 година

резултат на крајот на годината, како и влијанието што може да го имаат врз висината на тарифата за пренос на ЕЕ.

Со извршената ревизијата утврдивме дека исправката на вредноста е спроведена на побарувања кои не се постари од една година, додека за оправданоста на наведената трансакција, не се презентирани релевантни докази и проценка за веројатноста на наплатливоста на побарувањето, што не е во согласност со точка 23 од усвоените сметководствени политики на АД МЕПСО Скопје. Кон ова истакнуваме дека три од фактурите доставени до тројца трговци со ЕЕ, со вкупна вредност од 85.563 илјади денари, доспеваат за наплата на 08.03.2022 година, односно по датата кога е донесена Одлуката за резервирање на побарувањата.

Почнувајќи од декември 2021 година со дел од трговците за ЕЕ склучени се договори за репрограмирање на долговите со својство на извршна исправа и нивна соодветна наплата на рати, додека за дел од пристигнатите парични побарувања доставени се Решенија за извршување на нотарски платен налог или Барање за спроведување на извршување (подетално образложено во точка 6.2).

Горенаведениот начин на вредносно усогласување на побарувања, не е во согласност со сметководствените политики на друштвото и има влијание на податоците во финансиските извештаи за 2021 година.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување:

- за побарувањата од комитенти за кои постои несигурност во однос на нивната наплатливост, да постапуваат и преземат дејствија во согласност со донесените сметководствени политики на АД МЕПСО Скопје, а по претходно обезбедени докази и проценка за веројатноста на наплатата на побарувањата и
- да продолжат со преземените активности за наплата на побарувањата за кои се склучени договори за репрограмирање на долговите со трговците на ЕЕ и донесени решенија/барања за извршување.

4.3.12. Залихите на суровини, материјали, резервни делови и ситен инвентар со кои располага друштвото на крајот на 2021 година изнесуваат 54.922 илјади денари.

Со извршената ревизија ги утврдивме следните состојби:

- половина од вкупните залихи на суровини и материјали или 52% со вредност од 8.068 илјади денари и на резервни делови 47% со вредност од 17.114 илјади денари, биле набавени пред 2017 година[73], а истите до денот на вршење на

[73] Најстарите сметководствени податоци за материјална евиденција во деловните книги на АД МЕПСО Скопје се од 2017 година

ревизијата немаат промени и не биле издадени во употреба. За овие залихи, на крајот на пресметковниот период, не е утврдена нивната нето реализациона вредност, со цел да се определи дали постои разлика помеѓу нивната проценета продажна и набавна вредност и доколку постои соодветно да се евидентира понискaта од нив во согласност со барањата на Правилникот за водење на сметководството, точките 6 и 9 МСС 2[74] и точка 21 од пропишаните сметководствени политики на АД МЕПСО Скопје. Неспроведеното вредносно усогласување на залихите влијае на реалното и објективно прикажување на состојбата на залихите во финансискиот извештај Билансот на состојба и на расходите во периодот кога се случило намалувањето на нивната вредност, како и на остварениот финансиски резултат од работењето.

- при управување со залихите, не се одредуваат минимални, максимални и оптимални количини на залихи на суровини, материјали и резервни делови што може да влијае на континуитетот во давањето на услугите или на непотребно ангажирање на средства во набавка на прекумерни залихи кои може да застарат или да изгубат од квалитетот. Несоодветното планирање и управување со залихите не е во согласност со стандардот 10 – „Следење на извршувањето“ од Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, со кој е пропишано дека субјектот од јавниот сектор за секоја активност треба да обезбеди следење на извршувањето преку релевантни индикатори вклучувајќи ги и оние кои се однесуваат на економичноста, ефикасноста и ефективноста. Отсуството на соодветно планирање и координација на активностите при набавка и издавање на залихи, предизвикува нерационално трошење на средствата на друштвото и влијае врз неговата ликвидност.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- утврдување на вредноста на залихите по нивното почетно признавање на крајот на деловната година и прикажување на вредноста на залихите во финансиските извештаи според нивната усогласена вредност и
- утврдување и планирање на фактичката потреба од залихи на суровини, материјали и резервни делови.

[74] МСС 2 – Залихи

4.3.13. АД МЕПСО Скопје за финансирање на инвестиционите активности како изградба на трафостаници и далекуводи, ревитализација на далекуводна мрежа користи средства од повеќе кредитни линии, по основ склучени договори за заеми од меѓународни финансиски институции. На крајот на 2021 година евидентирани се долгорочни заеми во вкупен износ од 1.825.592 илјади денари. Најголем дел од заемите се реализирани/повлечени со над 90%, освен заемот од EBRD од 2015, кој е наменет за реализација на проектот за Интерконекција Македонија-Албанија - Фаза 1. Овој заем е одобрен на вкупен износ од 37 милиони евра, а заклучно со 31 декември 2021 година повлечени се 2,9 милиони евра, односно само 8%. Надлежните како причини за неискористениот заем, ги истакнуваат пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД – 19, која влијаела на реализацијата на проектите, како и зголемувањето на цените на стоките и услугите предизвикани од енергетската и воена криза, поради која добавувачите бараат корекции на цените на веќе склучените договори за кои пак е потребно одобрување од заемодавачите. Рокот за повлекувањето на средствата согласно склучениот договор за кредит[75] и неговиот анекс[76] е до јуни 2023 година. За реализацијата на проектите со овој заем одобрен е инвестициски грант и во февруари 2016 година склучен е договор на износ од 12 милиони евра. Рокот за повлекување на средствата од грантот е до крајот на 2024 година. До денот на известување за ревизијата, од грантот повлечени и искористени се 10,3 милиони евра или 86%. Дел од проектите финансирани од наведениот заем и грант се веќе реализирани, а за дел во тек се активности за реализација на склучени договори со изведувачи кои согласно утврдената динамика на реализација, предвидено е да завршат до крајот на 2024 година. Обврските по кредитните линии се отплаќаат два пати годишно и се однесуваат на главен долг, камата и провизија на средствата кои не се повлечени (Прилог број 3).

Со извршената ревизија за склучените договори за заеми, нивното искористување и исплата, констатиравме дека во 2021 година по основ на отплата на камати за повлечените долгорочни заеми евидентирани се расходи во износ од 32.404 илјади денари, а за наведените кредити пресметани се и евидентирани провизии за неповлечени средства во вкупен износ од 12.835 илјади денари кои се капитализирани и искажани како зголемување на вредноста на материјални средства во подготовка, што не е во согласност со МСС 23[77]. Имено согласно точките 1 и 5 од наведениот стандард, трошоците за позајмување како камата и други трошоци кои директно можат да се припишат на стекнување, изградба или производство на средството кое се

[75] број 02-8066 од 10.12.2015 година;
[76] од 17.10.2019 година;
[77] МСС 23 – Трошоци за позајмување

квалификува претставуваат дел од набавната вредност на тоа средство. Вложувањата во недвижности, енергетските капацитети и нематеријални средства согласно точка 7 од наведениот стандард се средства кои се квалификуваат. Имајќи во предвид дека заемите кои се повлечени се наменети за реализирање на капитални проекти за изградба и ревитализација на енергетски капацитети за пренос на електрична енергија, потребно е каматите по земените заеми да се капитализираат, а не да се искажуваат како расход, додека останатите трошоци за позајмување како провизиите за средствата кои не се повлечени, согласно МСС 23 точка 8, да се признаат како расход во периодот во кој настанале.

Наведената состојба не е во согласност со член 469 од ЗТД согласно кој финансиските извештаи се водат согласно МСС и влијае врз реално и објективно прикажување на состојбата на постојаните средства и расходите во деловните книги и финансиските извештаи и има влијание врз финансискиот резултат од работењето.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- соодветен третман и евидентирање на каматите по земените заеми при што пресметаните камати до периодот на ставање на средството во употреба да бидат вклучени во неговата набавна вредност, а каматите настанати потоа да бидат признаени како расход во периодот во кој настанале и
- признавање на провизиите за делот од кредитот кој не е повлечен како расход во периодот во кој настанале.

4.3.14. Во текот на 2021 година врз основа на Одлуки на УО[78], трансферирани се средства во износ од 6.930 илјади денари кои се однесуваат на исплати кон двете синдикалните организации формирани во рамките на АД МЕПСО Скопје. Исплатите кон синдикалните организации се расходи врз основа на член 177 од Колективниот договор[79], во кој е предвидено дека АД МЕПСО Скопје ќе обезбедува средства за работа на Синдикатот во висина до 2% од вредноста на исплатените бруто плати и истите треба да се користат за спортски игри, обуки, семинари, екскурзии, помош на вработените и други синдикални активности. Овие расходи не се поврзани со вршење на дејноста на друштвото за пренос на ЕЕ, односно истите не се непосреден услов за извршување на таа дејност и не се последица од вршењето на таа дејност,

[78] Одлука на УО бр.02-1387/1 од 05.03.2021 година, Одлука на УО бр.02-2604/3 од 27.04.2021 и Одлука на УО бр.02-6933/4 од 07.12. 2021 година;
[79] број 02-9621 од 25.12.2018 година;

поради што согласно членот 9 од Законот за данок на добивка истите треба да се искажат како непризнаени расходи во Даночниот биланс за 2021 година, што од страна на АД МЕПСО Скопје истите не се прикажани. Расходите по основ на трансфер на средства кон синдикалните организации, кои не се поврзани со вршење на дејноста на друштвото, влијае на финансискиот резултат и на зголемување на даночната основа за пресметка на данок на добивка.

Истакнуваме дека средствата по основ на трансфер до синдикалните организации во 2022 година се намалени и изнесуваат 1.900 илјади денари.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за преиспитување на потребата и основот за трансфер на средства кон синдикалните организации со оглед на тоа дека истите треба да се непризнаен расход во даночниот биланс и подлежат на 10% данок на добивка.

## 4.4. Користење на средствата согласно законска регулатива

### Јавни набавки

Со извршениот увид во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2019, 2020 и 2021 година, а по кои се преземени обврски во 2021 година, ревизијата опфати 58% од вкупната вредност на преземените обврски по договори за ЈН, односно од вкупно 441.618 илјади денари преземени обврски опфатени се 258.003 илјади денари.

Годишниот план за ЈН во АД МЕПСО Скопје го изработува Службата за оперативен контролинг, план и анализа, врз основа на добиените податоци за потребни набавки од надлежните сектори. Изработениот годишен план се доставува на усвојување до УО и на одобрување до НО. Со извршената ревизија констатиравме дека присутна е појава на честа измена на плановите за јавни набавки и поништување на објавените постапки за ЈН, особено во 2021 година. Првично објавениот план за ЈН содржел 138 набавки, по што со направените измени додадени се 26 нови набавки, а одземени се 3 набавки, со што ГП за ЈН заклучно со последната измена содржел 161 постапки за ЈН. Од вкупно планираните постапки објавени се огласи за 65 постапки за ЈН. Подетални податоци за Годишните планови за јавни набавки за 2020 и 2021 година се прикажани во следната табела:

Табела број 2 - Преглед на промени на Годишните планови за јавни набавки во 2020 и 2021 година и степенот на нивна реализација

| Опис | 2020 | 2021 |
|---|---|---|
| **Број на планирани набавки во ГПЈН** | **116** | **138** |
| Број на додадени набавки во ГПЈН | 36 | 26 |
| Број на одземени набавки во ГПЈН | -5 | -3 |
| **Број на планирани набавки по измена на ГПЈН** | **147** | **161** |
| Број на промени на ГПЈН | 17 | 9 |
| **Објавени огласи** | **112** | **65** |
| **Процент на реализација на планот** | **76%** | **40%** |
| **Поништени постапки** | **25** | **19** |
| Причина за поништување- „не поднесена ниту една прифатлива понуда" | 22 | 17 |

Надлежните лица ниската реализација на Планот за ЈН во 2021 година од 40% ја препишуваат на појавата на енергетската криза во месец август 2021 година и преземањето на ЕЕ од електропреносниот систем, кои претставуваат ризик за ликвидноста на АД МЕПСО Скопје. Честата промена на планот за ЈН и поништувањето на постапките за ЈН влијае на ефикасноста на набавката на стоки, услуги и работи предвидени со плановите на АД МЕПСО Скопје што може да влијае на реализација на целите на субјектот.

4.4.1. Согласно членот 40 став 6 од ЗЈН договорните органи кои вршат секторски дејности во текот на годината можат да вршат набавки на стоки, услуги и работи без спроведување на постапка, при што вкупната вредноста на овие набавки во тековната година не смее да надмине 24.000 евра во денарска противвредност. Со ревизијата утврдивме дека во 2021 година, АД МЕПСО Скопје без спроведена постапка за јавна набавка има преземено обврски за набавка на стоки и услуги (одржување на возила, угостителски и хотелски услуги, набавка на пијалаци за бифе и друго), во вкупен износ од 47.141 евра односно 2.889 илјади денари, што претставува надминување на утврдениот вредносен праг утврден во наведениот член од ЗЈН за 23.141 евра или 1.423 илјади денари. (Прилог број 4).

Наведените состојби укажуваат на нецелосно постапување согласно барањата на законската регулатива во начинот на спроведување на постапките за јавните набавки.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување во соработка со надлежните служби да ги преземат следните мерки и активности за подобрување на целиот систем на планирање на јавните набавки и почитување на законски

утврдените вредносни прагови за набавки на стоки, услуги и работи без спроведување на постапка.

Спонзорства и донации

4.4.2. Во 2021 година АД МЕПСО Скопје има исплатено средства за спонзорства и донации во вкупен износ од 2.017 илјади денари. За таа цел со друштвата и здруженијата биле склучени договори за остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес. Со ревизијата беше извршен увид во документацијата на исплатените средства по основ на шест склучени договори за спонзорствата и донации, што претставува 100% од примерокот, при што го утврдивме следното:

- УО ги нема разгледано сите доставени барања за донации. Имено истиот има донесено Одлуки само за прифатените барања, што не е во согласност со член 6 од Правилникот за утврдување на услови, критериуми и постапка за доделување на средства во врска со Декларацијата за општествена одговорност на АД МЕПСО Скопје, во која е наведено дека УО во рок од 30 дена носи одлука со која барањето се прифаќа или одбива;
- во донесениот Правилник, УО нема дефинирано критериуми врз основа на кои се одлучува за начинот и висина на доделените донации и спонзорствата, поради што во одредени случаи се исплатува целата сума која се побарува, а во други случаи износот кој е доделен е помал од побараниот;
- во склучените договори за донации и спонзорства не е предвидено доставување на извештај кој претставува известување за користењето на средствата што не е во согласност со член 19 став 1 од Законот за донации и спонзорства;
- АД МЕПСО Скопје не води регистар на доставени барања што не е во согласност со член 15 од Правилникот за утврдување на услови, критериуми и постапка за доделување на средства во врска со Декларацијата за општествена одговорност на АД МЕПСО Скопје, во кој е наведено дека друштвото треба да води посебна евиденција на доставените барања било да се прифатени или одбиени;
- не се презентирани докази дека поради доделените донации и спонзорства АД МЕПСО Скопје е промовирана како општествено одговорна компанија што претставува и основна цел на доделените средства за донации и спонзорства.

На ваков начин доделените финансиски средства за спонзорства и донации не осигуруваат дека истите се распределени и искористени на најдобар можен начин, со цел подржување на јавниот интерес и подобрување на личниот и општествениот живот, ниту овозможуваат промовирање на АД МЕПСО Скопје

како општествено одговорна компанија.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да ги преземат следните мерки и активности:

- УО да ги разгледува и одлучува по сите комплетни и уредни барања за средства и за истите да води евиденција;
- со интерен акт да определат критериуми кои треба да придонесат за одлучување за начинот и висината на средствата кои се доделуваат како донации и спонзорствата;
- во договорите за спонзорство и донации да се наведе член со кој ќе се предвиди доставување на извештај за користењето на донацијата;
- да се врши остварување на правото за промоција на АД МЕПСО Скопје како општествено одговорна компанија со доставување на соодветни докази за истото.

Основ за изразување на мислење

Вкупниот ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 4.2., 4.3. и 4.4. кои се однесуваат на:

- несоодветно воспоставена служба за внатрешната ревизија согласно законската регулатива;
- недоследности во делот на склучениот анекс кон договорот кај службеникот за усогласеност на АД МЕПСО Скопје;
- неусогласености во актот за систематизација, како и во пресметките на плата со Колективниот договор;
- сметководствените политики не се комплетни и не соодветствуваат со одредени проценки;
- неусогласеност во износ од 296.916 илјади денари помеѓу сметководствената вредност на основната главнина и износот на запишаниот и уплатен капитал во Централниот регистар и Централниот депозитар за хартии од вредност;
- нецелосно направен попис на средствата и изворите на средства;
- неискажани трошоци по основ на расход на материјални средства кој бил констатиран во периодот од 2018 до 2021 година;
- евидентирани се земјишта во износ од 4.189 илјади денари, кои не се во сосопственост на АД МЕПСО Скопје;
- евиденцијата на далеководи и трафостаници не е комплетна и точна, што влијае на формирањето на цената за пренос на ЕЕ;
- невоспоставената соодветна сметководствена евиденција на материјалните средства во подготовка во износ од 428.352 илјади денари;

- не соодветно сметководствено евидентирање на примените донации во постројки и опрема и необезбедена документација за дел од донирани средства во износ од 459.743 илјади денари;
- не се презентирани докази за потврдување на правен основ на долгорочните вложувања во износ од 4.449 илјади денари;
- дел од залихите на резервните делови во износ од 18.619 илјади денари се евидентирани како градежни објекти, поради што за истите се пресметувала амортизација во износ од 2.790 илјади денари (465 илјади денари во 2021 година);
- спроведена исправка на вредноста на побарувања кои не се постари од една година;
- неизвршено вредносно усогласување на околу 50% од залихите на суровини, материјали и резервни делови, кои се набавени пред 2017 година;
- не соодветно евидентирање на каматите за повлечените долгорочни кредити (32.404 илјади денари) и провизиите за неповлечени средства (12.835 илјади денари);
- трансферот на средствата на синдикалните организации во вкупен износ од 6.930 илјади денари не е искажани во даночниот биланс како непризнаени расходи за 2021 година;
- надминување на законски определениот максимален износ за набавки на стоки, услуги и работи без спроведување на постапка и
- постојат недоследности при доделувањето на средства за донации и спонзорства од страна на УО.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.3. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје на ден 31 декември 2021 година како и финансиската успешност и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, освен за прашањата изнесени во точката 4.2 и 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во

финансиските извештаи на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашање на неизвесност и континуитет

**Порамнувања на отстапувања/дебаланси во електропреносниот систем во Република Северна Македонија**

6.1. Приходите остварени од трговците на ЕЕ - БОС, по основ на надомест за порамнување на отстапувањата/дебаланси, за преземената ЕЕ од ЕПС, во 2021 година изнесуваат 4.210.704 илјади денари или 68,5 милиони евра, што претставува пет пати поголемо остварување во однос на 2020 година, кога приходите изнесувале 841.792 илјади денари или 13,7 милиони евра. Приходите по основ на дебаланси учествуваат со 68% во вкупните приходи од дејноста на АД МЕПСО Скопје, а самиот пренос на ЕЕ која претставува основна дејност учествува со само 21%. Надлежните лица како причини за оваа состојба, која почнала да се манифестира во август 2021 година, го истакнуваат енормното зголемување на цената на ЕЕ на европските берзи, недоволното производство на ЕЕ од домашните производители како и недозволеното преземањето на ЕЕ од електропреносниот систем од страна на БОС. Поради овие причини дел од БОС континуирано ја намалувале набавката на ЕЕ од отворениот пазар која требало да ја испорачаат на своите потрошувачи и ја користеле балансната енергија на АД МЕПСО Скопје за снабдување на своите потрошувачи. Ова предизвикало драстично зголемување на трошоците на АД МЕПСО Скопје кон европскиот ЕПС согласно FSkar механизмот[80]. Имено почнувајќи од 01.06.2021 година започнала имплементацијата на FSkar механизмот[81] согласно кој несаканите отстапувања на контролните области на сите оператори на ЕПС во Европа се пресметуваат од страна од координативни центри и истите се добиваат како разлика помеѓу реалните физички размени (измерени податоци) и номинираните размени на ЕЕ.

Согласно европската регулатива секој оператор на ЕПС е должен да направи план за работа за влез/производство на ЕЕ кој треба да биде еднаков со планот

[80] Financial Settlement of k*Δf, ACE and ramping period – Финансиско порамнување на k*Δf, ACE и рампинг период - механизам кој се применува кај операторите на електропреносните системи, членки на ENTOSO- E, таканаречен go-live период, при кој секојдневно се разменуваат и потврдуваат податоци за несакани отстапувања на ЕЕ.
[81] Invoicing service agreement for the “FSKAR” process,

за излез/потрошувачка на ЕЕ во и од ЕПС. Овие планови се прават еден ден однапред, се усогласуваат со соседните оператори на електропреносните системи и се испраќаат до SwissGrid[82]. Со ревизијата утврдивме дека исклучително големи отстапувања/дебаланси се направени во месец октомври 2021 година, кога 77.865.727kWh се фактурирани и наплатени од производителот на ЕЕ во Република Северна Македонија - АД ЕСМ Скопје, со вредност од 1.553.593 илјади денари или околу 25 милиони евра без ДДВ. Ова е резултат на тоа што АД ЕСМ Скопје не успеала да ги реализира пријавените планови за производство по возните редови на ЕЕ, поради што е повлечена ЕЕ од системот на европската мрежа, со што за АД МЕПСО Скопје е создадена обврската кон FSkar механизмот во иста вредност од 25 милиони евра. Дебалансите во 2022 се случуваат во помал обем и истите заклучно со месец ноември 2022 година изнесуваат 3,4 милиони евра. Влезната и излезната ЕЕ за компензација од несакани отстапувања за 2021 и 2022 година по месеци е прикажана на следната табела:

Табела број 3

| Влезена и излезена електрична енергија за компензација на несакани отстапувања во/од електропреносниот систем на РСМ како дел од европската интерконективна мрежа кон JAO S.A.(Jpoint Allocation Office) Luksemburg | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| месец | 2021 | | | | | 2022 | | | | |
| | увоз | | извоз | | нетиран износ обврска(-) /побарување во ЕУР кон JAO | увоз | | извоз | | нетиран износ обврска(-) /побарување во ЕУР |
| | MWh | вредност во ЕУР | MWh | вредност во ЕУР | | MWh | вредност во ЕУР | MWh | вредност во ЕУР | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6(5-3) | 7 | 8 | 9 | 10 | 11(10-8) |
| Јануари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 22.859 | 4.600.349 | 6.674 | 940.308 | -3.660.041 |
| февруари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.197 | 2.660.646 | 13.030 | 1.740.333 | -920.313 |
| март | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 18.123 | 4.678.810 | 10.189 | 1.976.166 | -2.702.644 |
| април | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 16.281 | 2.905.124 | 7.490 | 1.235.766 | -1.669.358 |
| мај | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.493 | 972.675 | 10.103 | 1.751.663 | 778.988 |
| јуни | 5.882 | 422.253 | 8.746 | 583.442 | 161.189 | 4.138 | 900.880 | 14.309 | 2.576.256 | 1.675.376 |
| јули | 5.923 | 487.550 | 6.781 | 509.280 | 21.730 | 5.144 | 1.537.761 | 15.545 | 3.994.825 | 2.457.064 |
| август | 11.195 | 1.021.106 | 3.950 | 309.542 | -711.564 | 4.548 | 1.596.594 | 11.048 | 3.915.105 | 2.318.511 |
| септември | 14.492 | 1.965.697 | 5.131 | 578.100 | -1.387.597 | 7.788 | 2.383.890 | 4.348 | 1.248.713 | -1.135.177 |
| **октомври** | **89.549** | **16.902.147** | **2.521** | **351.442** | **-16.550.705** | 5.875 | 1.066.760 | 10.326 | 1.450.436 | 383.676 |
| ноември | 19.754 | 3.862.551 | 9.418 | 1.517.056 | -2.345.495 | 8.182 | 1.560.199 | 5.319 | 628.120 | -932.079 |
| декември | 19.155 | 5.396.480 | 8.367 | 1.152.465 | -4.244.015 | | | | | 0 |
| **Вкупно:** | **165.950** | **30.057.784** | **44.914** | **5.001.327** | **-25.056.457** | **113.627** | **24.863.688** | **108.381** | **21.457.691** | **-3.405.997** |

Дополнителна причина која довела до настанатата состојба е тоа што АД МЕПСО Скопје не е во можност да изврши брза интервенција кон трговците со ЕЕ – БОС, кои земаат ЕЕ од системот, бидејќи податоците кои ги добива од

[82] Швајцарски електропреносен систем оператор

МЕМО ДООЕЛ пристигнуваат по 45 до 60 дена задоцнување. МЕМО ДООЕЛ податоците за отчитаните броилата ги добива од Електродистрибуција ДООЕЛ. Ваквиот начин на информирање, не овозможува АД МЕПСО Скопје веднаш да ги увиди отстапувањата на трговците со ЕЕ - БОС, да направи анализа и навреме да преземе мерки. Начинот и рокот за доставување на овие податоци е пропишан во член 72 и 73 од Правилата за балансирање на ЕЕС, каде утврдениот рок е 60 дена, како и во склучениот Протокол за доставување и размена на податоци помеѓу Електродистрибуција ДООЕЛ и АД МЕПСО Скопје каде е утврдено дека Операторот на дистрибутивниот систем е должен најдоцна во рок од 45 дена по завршување на месецот до ОПЕЕ[83] да ги достави податоците за измерените месечни количини на ЕЕ .

Ревизијата истакнува дека во услови на светска енергетска криза, енормно зголемување на цените на ЕЕ на берзите и појава на големи отстапувања на порамнувањата, неусогласеноста помеѓу времето на порамнувањата и фактурирањето на БОС преставува голем ризик и неизвесност за АД МЕПСО Скопје и влијае на неговата ликвидност.

Во декември 2021 година АД МЕПСО Скопје со допис[84]се обратил до Електродистрибуција ДООЕЛ, со цел намалување на рокот за доставување на податоците за пресметка на трошокот од отстапувањата за финансиско порамнување на 10 дена. Во доставениот одговор[85] од Електродистрибуција ДООЕЛ истакнати се техничките причини, поради кои не е можно да се достават бараните податоци во пократок рок од 45 дена. Во насока на надминување на проблемот, на предлог на АД МЕПСО Скопје, од страна на РКЕ донесени се измени на правилата за пазар на ЕЕ кои стапија на сила на 04.11.2022 година[86], во кои е дадена обврска МЕМО ДООЕЛ да ги следи отстапувањата на дневна основа за навремено преземање мерки.

**Репрограмирање на побарувањата на БОС по основ на порамнување на отстапувањата во 2021 година**

6.2. За недозволеното постапување од страна на трговците со ЕЕ – БОС и преземањето од европската електропреносна мрежа, АД МЕПСО Скопје ги известило надлежните институции нагласувајќи дека раскинувањето на

[83] Во член 11 став 2б од Протоколот за доставување и размена на податоци и информации е пропишано: „операторот на дистрибутивниот систем е должен најдоцна во рок од 45 дена по завршување на месецот до ОПЕЕ да доставува податоци за измерените месечни количини на ЕЕ агрегирани по виртуелни мерни точки за секој пресметковен интервал (1 час) за сите регистрирани учесници на пазарот со ЕЕ“
[84] 09-7210 од 17.12.2021 година
[85] 20-187/1 од 14.01.2022
[86] Службен весник на Република Северна Македонија број 234 од 04.11.2022 година.

постоечките договори за балансна одговорност, ќе значи намалување на можноста за наплата на постојните и идни побарувања по основ на отстапувањата со раскинување на договорите потрошувачите ќе треба да се снабдуваат со ЕЕ од универзалниот снабдувач или од снабдувачот во краен случај, по цени кои се многу повисоки, што ќе се одрази врз целокупната економска состојба во државата.

Владата во ноември 2021 година има донесено Уредба[87] со која е прогласена кризна енергетска состојба. Во член 8 од Уредбата дадена е можност да се искористат сите средства кои ги имаат субјектите за обезбедување на недостигот на ЕЕ, вклучително и репрограмирање на доспеаните побарувања од трговците на ЕЕ - БОС како и ослободување од обврската за зголемувања на финансиските обезбедувања/гаранции по основ на склучените договори за балансна одговорност[88]. Врз основа на Уредбата, сите трговци - БОС биле ослободени од обврската за зголемување на банкарските гаранции по основ на склучените договори за балансна одговорност, а АД МЕПСО Скопје, на барање на БОС, согласно горенаведеното, потпишал договори за репрограмирање на нивните доспеани, а ненаплатените долгови.

Во 2022 година со цел да се обезбеди поголема сигурност за наплата на побарувањата по основ на дебаланси, АД МЕПСО Скопје склучил анекс кон договорите за балансна одговорност, со што истите претставуваат извршна исправа.

Ревизијата истакнува дека во декември 2022 година, побарувањата по основ на склучени договори за репрограмирање за повлечена ЕЕ од електропреносниот систем изнесуваат 883.802 илјади денари и постои ризик и неизвесност за нивна наплата (Прилог број 5).

Исто така, обрнуваме внимание и укажуваме на ризик во постапката за издавањето на лиценца за енергетски дејности, која е пропишана со Законот за енергетика и е во надлежност на РКЕ, која се однесува на обврската за правниот субјект, кој е вршител на дејноста да поседува основачки влог во

[87] Уредба за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба во случаи на временски и природни непогоди, хаварии и нарушувања на пазари на електрична енергија, начинот на снабдување со електрична енергија во кризна состојба, мерките што се преземаат во случај на кризна состојба, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на електроенергетски дејности (Службен весник на Република Северна Македонија бр.246/21, 300/21 и 74/22)

[88] Согласно Правилата и склучените договори, БОС се должни да обезбедат и редовно да ги одржуваат фиксна на износ од 1.000 илјади денари и варијабилна гаранција, која е пресметлива вредност, и истите се доставуваат во форма на депозит или банкарска гаранција. Финансиските обезбедувања се доставуваат по потпишувањето на договорот, редовно годишно се обновуваат, или доколку има потреба, на барање на ОЕПС се зголемуваат. Во случај доставените финансиските гаранции да се пониски од износот на последната издадена фактура за порамнување на отстапувањата, БОС е должен во рок од осум работни денови да достави нова или да ја надополни постојната варијабилна финансиска гаранција.

износ од пет илјади евра. Овој капитал не е доволен за да се надоместат евентуалните штети по основ на направени загуби во енергетската дејност или ненаплатени побарувања поврзани со вршењето на енергетската дејност за што е потребно интервенирање во Законот за енергетика.

## Покривање на загубите во електропреносниот систем на Република Северна Македонија

6.3. Набавката на ЕЕ за покривање на техничките загуби во електропреносниот систем, АД МЕПСО Скопје ја врши на начин утврден во Правилата за набавка на ЕЕ за покривање на загубите во електроенергетскиот систем. Техничките загуби во ЕПС се директно поврзани со домашното производство на ЕЕ и потрошувачката на учесници директно приклучени на преносниот систем[89]. Согласно Правилата, АД МЕПСО Скопје е должен да набавува ЕЕ за покривање на загубите во ЕПС по пазарни услови, на транспарентен, недискриминаторен и конкурентен начин. Набавката на ЕЕ за покривање на техничките загубите во ЕПС АД МЕПСО ја врши на отворен пазар, преку тендерска постапка со јавен повик. Планот и набавката на ЕЕ за покривање на техничките загуби во ЕПС за периодот од 2020 до 2022 година е претставена во следната табела:

Табела број 4

| ПЛАН И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАБАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБИ ВО ПРЕНОС ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2021-2022 | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Количини на Електрична енергија во MWh | | | Финансиски средства во (ЕУР) | | | Просечна цена по испорачан MWh (ЕУР) |
| **година** | **Планирани** | **Испорачани** | **Разлика** | **Планиран износ (финансов план )** | **фактуриран износ** | **Разлика** | |
| **2020** | 120.558 | 116.615 | 3.943 | 7.217.639 | 6.983.366 | 234.273 | 59,88 |
| **2021** | 125.510 | 108.497 | 17.013 | 8.581.191 | 7.495.722 | 1.085.469 | 69,09 |
| **2022*** | 101.873 | 94.706 | 7.167 | 23.754.829 | 22.002.798 | 1.752.031 | **232,33** |

* податоците се заклучно со месец октомври 2022 година.

Податоците од табелата покажуваат дека планираните и испорачаните количини на ЕЕ во MWh потребни за покривање загубите во ЕПС значително не се зголемуваат, но постои значително зголемен тренд на ангажирање на финансиски средства кои се потребни за набавка на ЕЕ. Имено поради порастот на цената на ЕЕ на светските берзи истите од 6,9 милиони евра во 2020 достигнуваат до 22 милиони евра во 2022 година. Ова е резултата на зголемувањето на просечната цената на ЕЕ која се движи од 59 евра/MWh во 2020 година до 232 евра /MWh во 2022 година што влијае на ликвидноста на АД

[89] Еуроникел, Југохром, Цементарница, Окта

МЕПСО Скопје. Разликата помеѓу планираната и испорачаната количина на ЕЕ за покривање на загубите во 2021 произлегува од тоа што во месец август најповолниот понудувач не бил во можност да ги реализира обврските од договорот, односно да ја испорача ЕЕ за покривање на загубите во тој месец како и во останатите месеци од 2021 година за кои има потпишано договор во 2020 година. Поради тоа, трговецот на ЕЕ - БОС, МЕМО ДООЕЛ го исклучил од пазарот на ЕЕ, а АД МЕПСО Скопје го раскинал договорот, при што ја има активирано банкарската гаранција и има поведено судска постапка по основ на испорачани фактури за надомест на штета нанесена на друштвото. До моментот на вршење на ревизијата, долгот изнесуваат 142.331 илјади денари, истите не се наплатени и нивната наплата е неизвесна.[90]

**Преземена и оставена ЕЕ во електропреносниот систем од страна на Универзалниот снабдувач – ЕВН ХОМЕ ДОО**

6.4. Согласно член 101 од Законот за енергетика, Универзалниот снабдувач на електричната енергија, ЕВН Хоме ДОО, врши продажба на ЕЕ на домаќинствата и на дел од малите потрошувачи, по пазарни услови, со избор на најповолна понуда и согласно правилата донесени од РКЕ. Единствен критериум за избор на најповолна понуда е понудената цена на ЕЕ. АД ЕСМ Скопје е производител со најголем инсталиран капацитет во РСМ за производство на ЕЕ и согласно член 237 од Законот за енергетика, должен е на Универзалниот снабдувач да му понуди на продажба одреден процент ЕЕ кои во 2021 година треба да изнесува 70%, а во 2022 година 60% од вкупните годишни потреби на снабдувачот[91]. Во периодот од јули 2021 до декември 2021 година Владата има наложено АД ЕСМ Скопје да ги задоволи 100% од вкупните годишни потребите на снабдувачот.
Постапувајќи по Извадоците на Владата, ЕЕ што ја произведува АД ЕСМ Скопје, неколку години наназад, речиси целата количина ја продава на Универзалниот снабдувач - ЕВН Хоме ДОО по утврдена (намалена) цена, од страна на Владата[92], која е многу пониска од пазарната и цената на HUPX берзата.

[90] Од причини што Договорот со понудувачот бил раскинат, а со истиот требало да обезбеди ЕЕ за загуби за месеците Октомври и Ноември 2021 година, АД МЕПСО Скопје има распишано нов тендер за набавка на ЕЕ за покривање на загубите за овие месеци.
[91] Согласно член 237 од Законот за енергетика, производителот со најголем инсталиран капаците во РСМ е должен на универзалниот снабдувач во постапките за набавка на електрична енергија да му понуди на продажба на електрична енергија и тоа: во 2019 година 80% од вкупните годишни потреби, 2020 година 75%, 2021 70%, 2022 60%, 2023 50%, 2024 40% и во 2025 година најмалку 30% од вкупните годишни потреби на снабдувачот.
[92] Утврдена цена врз основа на Извадоците на Владата на РСМ која треба да се понуди во постапката за набавка на ЕЕ на универзалниот снабдувач изнесува: за задоволување на 70% потребите на универзалниот снабдувач за периодот: од јануари 2021 до јуни 2021 година да изнесува 38,80

Балансниот механизам во АД МЕПСО Скопје е конципиран така што за повеќе презетената ЕЕ од планираното од ЕПС, трговците на ЕЕ - БОС му плаќаат на АД МЕПСО Скопје, а за непланирано оставената ЕЕ во електропреносниот систем, АД МЕПСО Скопје има обврска да им плати на БОС, по цени на порамнување утврдени согласно Методологијата за пресметка на цената за порамнување пропишани во Правилата за балансирање на Електроенергетскиот систем[93] на која директно влијание има цената на HUPX берзата.

Со извршената ревизија утврдивме дека Универзалниот снабдувач ЕВН Хоме ДОО во 2021 и 2022 година на неколку наврати има оставено ЕЕ во ЕПС. Станува збор за (вишок) на ЕЕ која се јавува како разлика помеѓу набавената ЕЕ од АД ЕСМ Скопје по утврдени (намалени) цени и продадената ЕЕ на домаќинствата и малите претпријатија. За вишокот на ЕЕ, АД МЕПСО Скопје, плаќа согласно цените утврдени во Правилата за балансирање, кои се многу повисоки од утврдената цена, поради што расходите по овој основ во 2021 година изнесуваат 158.817 илјади денари без ДДВ, додека во 2022 година се двојно повисоки и изнесуваат 317.384 илјади денари без ДДВ. Оваа состојба е резултат на не соодветното планирање и набавка на поголеми количини на ЕЕ од потребните од АД ЕСМ Скопје, со што Универзалниот снабдувач - ЕВН Хоме ДОО за оваа ЕЕ поради разликата во цена остварува дополнителна добивка.

Од друга страна АД МЕПСО Скопје има остварено приходи од Универзалниот снабдувач ЕВН Хоме ДОО по основ на дебаланси/земање на ЕЕ од ЕПС кои во 2021 година изнесуваат 412.404 илјади денари без ДДВ, а во 2022 година, два пати повеќе или 873.208 илјади денари без ДДВ. Оваа состојба на големи порамнувања на отстапувањата од планираните количини на ЕЕ кај АД МЕПСО Скопје, кои треба да се јавуваат само во исклучителни ситуации, создава голема неизвесност во планирањето и остварувањето на приходите и расходите по овој основ и одржување на потребната ликвидност на парични средства, како и одржувањето на балансниот механизам.

### АД ТЕЦ Неготино – Ладна резерва

6.5. Обрнуваме внимание дека АД МЕПСО Скопје во периодот од 2019 до 2021 година има склучено договор и Анекс договори[94] со АД ТЕЦ Неготино кој се однесува за обезбедување на ЕЕ во случај на загрозување на сигурноста во снабдувањето,

евра/MWH, за задоволување на 100% од потребите за периодот од јули 2021 до декември 2021 година да изнесува 36,1 Евра/MWh, за периодот: за задоволување на 70% потребите од јули 2022 до декември 2022 година да изнесува 48 Евра/MWh.

[93] Цената на порамнување на отстапувањата редовно се објавува на ВЕБ страната на АД МЕПСО Скопје

[94] Договор број 02-4749 од 30.08.2019 година, Анекс бр.1 број 03-680/1 од 14.10.2019, Анекс бр.2 број 02-4749/1 од 17.12.2019 година и Анекс бр.3 број 09-8007 од 24.12.2020 година.

хаварии или поголеми отстапувања на потрошувачката на ЕЕ од предвидените количини во ЕЕС. Со договорот е предвидено АД ТЕЦ Неготино[95] да ја чува расположливата моќност на термоцентралата само за потребите на АД МЕПСО, Скопје, за кој период се исплатени вкупно 531.998 илјади денари со вклучено ДДВ, од кои 219.778 илјади денари се исплатени во 2021 година. Со цел да се одржува системот на термоцентралата, средствата согласно договорот се исплаќани во еднакви месечни рати, почнувајќи од месец август 2019 година заклучно до крајот на декември 2021 година. Вредноста на договорот е одобрена од страна на РКЕ преку одобрување на трошоците утврдени во Одлуките[96] со кои АД МЕПСО Скопје го наплаќа надоместокот за користење на ЕПС, што пак влијае и на крајната цена на ЕЕ која ја плаќаат потрошувачите. Оваа обврска е наложена од страна на РКЕ, која со допис[97] го има известено АД МЕПСО Скопје дека склучувањето на договорот со АД ТЕЦ Неготино е неопходно, за да биде исполнета обврската на операторот за обезбедување сигурност на ЕЕС, а пропишана во член 78 став 2 точка 27 од Законот за енергетика.

Со ревизијата утврдивме дека во член 48 од Правилата за балансирање на електроенергетскиот систем[98] е пропишана обврска на ОЕПС да склучува билатерални договори за набавка/купување или продавање на RR балансна енергија[99]. Согласно Правилата, ОЕПС треба да користи пазарно ориентиран метод за набавка на RR балансна енергија, со јавно надавање и повикување на сите заинтересирани. Од друга страна АД МЕПСО Скопје има обврска согласно член 104 став 2 од Преодните одредби од Правилата да склучува годишни договори со АД ТЕЦ Неготино за набавка/купување на RR балансна енергија заклучно со 31.12.2025. Истакнуваме дека во овој период АД МЕПСО Скопје има склучени договори за обезбедување на системски услуги на ЕЕ (резерва на примарна, секундарна и терцијална регулација).

---

[95] Согласно статутот на АД ТЕЦ Неготино, друштвото е формирано со Одлука на Владата на Република Македонија бр.19-2880/1 од 19.07.2005 година, со статусна промена на АД ЕСМ, Скопје со издвојување со основање на ново друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино. Друштвото е дел од Електростопанство на Македонија Акционерско Друштво за производство, дистрибуција и снабдување со електрична енергија, во државна сопственост, Скопје запишано во Трговскиот регистар во Основниот суд Скопје 1 под Трег.бр.5658/2004.

[96] Одлуки за одобрување на регулиран максимален приход, просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи за вршење на регулирана енергетска дејност пренос на ЕЕ на Операторот на електропреносниот систем на РСМ.

[97] Број 12-2626/2 од 19.07.2019 година

[98] Службен весник на РСМ бр.179 од 30.08.2019 година

[99] RR- Резерва на активна моќност е резерва расположлива за повторно враќање или поддршка на бараното ниво на FRR, за да FRR,биде спремна за дополнителни отстапувања на системот, вклучувајќи ги и отстапувањата на производните резерви.

Во ноември 2021 година, со измената на Правилата за балансирање на електроенергетскиот систем[100] престанува обврската на АД МЕПСО Скопје за склучување на годишни договори со АД ТЕЦ Неготино за набавка/купување на RR балансна енергија. Оваа промена не е усогласена со измените на Законот за енергетика[101], односно во членот 78 став 2 точка 27 кој се однесува на загрозување на сигурноста со ЕЕ, хаварии или поголеми отстапувања на потрошувачката на ЕЕ, законската обврска за АД МЕПСО Скопје по овој основ се уште е во важност.

Истакнуваме дека и покрај тоа што АД ТЕЦ Неготино во периодот од 2019 заклучно со декември 2021 година финансиски е потпомогнато и одржувано како RR балансна енергија (ладна резерва) од страна на АД МЕПСО Скопје, сепак при појавата на енергетската криза во октомври 2021 година, не е извршено стартување на термоцентралата со цел нејзино активирање за производство на ЕЕ. Надлежните лица како причина за оваа состојба ги наведуваат големите трошоци и скапото производство по MWh на термоцентралата и како и фактот што трошоците за вака произведената ЕЕ ќе се надоместат преку балансниот механизам, односно околу 50% повисока од цената на референтната берза HUPX.

На крај на ноември 2021 година, со Одлука на УО[102], дадено е овластување на Генералниот директор на АД МЕПСО Скопје и потпишана е Спогодба за раскинување на договорот со АД ТЕЦ Неготино[103], поради склучување на Договор за деловна-техничка соработка со АД ЕСМ Скопје, заради обезбедување на ЕЕ согласно утврдената кризна состојба од страна на Владата[104], поради што во 2022 година, од страна на АД МЕПСО Скопје, не се вршат плаќања по овој основ.

### Долгорочни прогнози за потребите од електрична енергија

6.6. За да може краткорочно, среднорочно и долгорочно да се планира работата на ЕПС, како и да се одредат потребните инвестиции во изградба на нови преносни објекти и ревитализација на постоечките, операторите на ЕПС мораат да ги прогнозираат трендовите во потрошувачката на ЕЕ, оптоварувањата во системите, можната изградба на нови електрични централи, како и планираното производство на постоечките електрични централи во различните временски периоди во иднината.

---

[100] Службен весник на Република Северна Македонија број 263 од 29.11.2021 година
[101] Службен весник на Република Северна Македонија број 236 од 7.11.2022 година
[102] УО бр.02-6778/1 од 29.11.2021 година
[103] Спогодба број 02-6766/1 од 29.11.2021 година
[104] Заклучокот од точка 5 од Извадокот на Нацрт записникот од 118- седница на РСМ одржана на 9-ти Ноември 2021 година.

| година | загуби во преносната мрежа | загуби во дистрибутивниот систем | приклучени на преносната мрежа 110kw | приклучени на дистрибутивниот систем | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 2010 | 0,204 | 1,075 | 1,732 | 5,167 | 8,178 |
| 2011 | 0,201 | 1,186 | 2,256 | 5,359 | 9,002 |
| 2012 | 0,187 | 1,107 | 1,967 | 5,254 | 8,515 |
| 2013 | 0,159 | 0,990 | 1,961 | 5,030 | 8,140 |
| 2014 | 0,152 | 0,914 | 1,987 | 4,975 | 8,028 |
| 2015 | 0,131 | 0,903 | 1,672 | 5,182 | 7,888 |
| 2016 | 0,116 | 0,889 | 1,254 | 5,128 | 7,387 |
| 2017 | 0,111 | 0,893 | 1,012 | 5,395 | 7,411 |
| 2018 | 0,125 | 0,871 | 1,073 | 5,321 | 7,390 |
| 2019 | 0,119 | 0,859 | 1,148 | 5,357 | 7,483 |
| 2020 | 0,124 | 0,859 | 1,154 | 5,322 | 7,459 |

Табела број 5 - Вкупна годишна потрошувачка (GWh) во РСМ, по категории потрошувачи

Согласно член 83 од Законот за енергетика, АД МЕПСО Скопје секоја календарска година врши едногодишни, петгодишни и десетгодишни прогнози за потребите од ЕЕ и истите ги доставува до Министерството за економија и РКЕ. Основните насоки за подготовка на прогнозите на билансот на електрична енергија и моќност се дадени во Мрежните правила. Во Студијата „Долгорочни прогнози за потребите од електрична енергија и моќност -2021“, од јануари 2022 година, која е изработена од Одделот за инвестиции и развој на АД МЕПСО Скопје, направена е проценка на адекватноста на системот во поглед на ЕЕ што претставува способност на ЕЕС да се постигне еднаквост на производството и потрошувачката на ЕЕ. Истакнато е дека при составувањето на билансот на ЕЕС, нужен услов е вкупниот влез на електрична енергија во ЕЕС да биде еднаков на вкупниот излез. Просечната годишна потрошувачка на ЕЕ во Република Северна Македонија, во последните пет години таа изнесува околу 7,430GWh. Најголемо учество во вкупната потрошувачка со над 65% има потрошувачката на системите приклучени на дистрибутивниот систем во која потрошувачка припаѓа и потрошувачката на домаќинствата и уличното осветлување. Во годишната потрошувачка најголеми индустриски потрошувачи, директно приклучени на мрежата од 110 kW се: Фени Индустри, Железара, Бучим, Југохром, Цементарница Усје, Окта, Македонски железници, ТЕЦ Неготино, Рудниците и Електраните на АД ЕСМ. Според прогнозите во периодот од 2025 до 2030 година адекватноста на системот во поглед на енергија ќе се задоволи со значителен увоз од околу 55% од вкупните потреби на ЕЕ. Производството на ЕЕ се очекува да биде на ниско ниво од околу 3,600 GWh поради намалување на работењето на ТЕЦ Битола. Со активирање на централи од обновливи извори на енергија како и гасни електрични централи, адекватноста на системот со увозот на ЕЕ би се намалил. Согласно направените анализи, порастот на потрошувачката на ЕЕ во Република Северна Македонија не влијае значително на адекватноста на системот, потребни се проекти за големо производство на ЕЕ

и дополнителни гасни електроцентрали. На среднорочен рок се очекува приклучување на ХЕЦ Градец со годишно производство од 190 GWh и ХЕЦ Велес со годишно производство од 154 GWh. На долгорочен рок се очекува приклучување на ХЕЦ Чебрен, Вардарска долина и ХЕЦ Глобочица 2. Основата на македонската преносна мрежа се 400 kV далекуводи кои формираат прстен составен од три далекуводи што го поврзуваат најголемиот конзум кој е лоциран во северниот дел на државата со најголемите производни објекти кои се сместени во југозападниот дел на државата. Исто така, 400 kV далекуводи служат и за интерконекција со соседните електроенергетски системи. Преносната 110 kV мрежа е најразгранета и ги поврзува големите хидроелектрични и термоелектрични централи, сите поголеми населени места, како и индустриските центри. Врската помеѓу 400 kV и 110 kV преносна мрежа се остварува преку петте трансформаторски станици: ТС Скопје 4, ТС Скопје 5, ТС Битола 2, ТС Дуброво и ТС Штип. Македонскиот електроенергетски систем има најдобро поврзување со Грција. Интерконекцијата се реализира со два 400 kV интерконективни далекуводи: ТС Битола 2 – ТС Овчарани (Мелити) и ТС Дуброво – ТС Солун (Тесалоники). Значаен настан за работењето на АД МЕПСО Скопје во 2021 година било започнувањето на изградба на 400/110 kV трансформаторска станица во близина на Охрид преку која Република Северна Македонија преку интерконективен 400 kV далекувод треба да се поврзе со Република Албанија.

Македонската преносна мрежа е интензивно градена во 60-тите и 70-тите години од минатиот век. Еден од главните предизвици на АД МЕПСО Скопје е реконструкцијата на застарените 110 kV далекуводи. При реконструкцијата приоритет имаат оние далекуводи за кои се проценува дека им се нарушени работните параметри и имаат големо системско значење и во иднина, со цел да се задржи доверливоста и сигурноста на работа на електропреносниот систем.

### Дадени заеми

6.7. Сметаме за потребно да обелодениме дека со состојба на 31.12.2021 година евидентирани се побарувања по дадени заеми во вкупен износ од 58.553 илјади денари од две АД во државна сопственост. Имено во периодот од 2012 до 2021 година склучени се пет договори и анекси кон договорите со акционерски друштва во државна сопственост на кои им се дадени заеми во вкупен износ од 58.000 илјади денари (Прилог број 6). Во одредбите од склучените договори наведени се крајните рокови кога истите треба да бидат вратени, без да се прецизира динамиката на нивно враќање. Дел од еден договор за даден заем во 2012 година, е вратен во износ од 19.200 илјади денари, додека 38.800 илјади денари главен долг и средства во износ од 23.873 илјади денари за пресметана камата до периодот на извршување на ревизијата, сè уште не се вратени.

Утврдивме дека е воспоставена пракса пред истекување на крајниот рок на враќање на долгот истиот да се продолжи со склучување на анекс кон договорот, при што за дел од склучените анекси не се презентирани документи со кои ќе се потврди дека Владата или како Собрание на друштвото – МТВ дале согласност за продолжувањата на рокот за враќање на заемите.

Имајќи во предвид дека наведените активности не ја претставуваат дејноста која ја врши АД МЕПСО Скопје истите имаат влијание врз неговото работење, ликвидност и профитабилност, поради што ревизијата препорачува надлежните органи за раководење, управување и надзор на друштвото да ги преиспитаат одлуките кои ги носат за финансирање на активности кои не се во насока на вршење на дејноста на друштвото.

### Судски постапки

6.8. Согласно податоците доставени од Секторот за правни и општи работи, АД МЕПСО Скопје во постапка пред надлежните судови кои се водат од страна на три адвокатски канцеларии до крајот на 2022 година се јавува во својство на тужител или тужена странка во вкупно 60 судски предмети, и тоа:

- АД МЕПСО Скопје во својство на тужител се јавува во 15 предмети по кои вкупните побарувања изнесуваат 474.159 илјади денари. Најголема вредност во износ од 453.078 илјади денари или 96% од судските постапки се однесуваат на побарувања од трговци со ЕЕ - БОС по однос на преземена ЕЕ од ЕПС како и по однос на претрпена штета за набавка на загуби на ЕЕ. Во износ од 18.983 илјади денари или 4% од тужените побарувањата се однесуваат на побарување од АД во државна сопственост. Истакнуваме дека АД МЕПСО Скопје има покренато и една кривична постапка против поранешно вработено лице;
- АД МЕПСО Скопје се јавува во својство на тужена страна во 45 предмети по кои долгот изнесува вкупно 137.148 илјади денари. Најголем дел од вредноста на тужбените барања се однесува на надомест на нематеријална штета во износ од 78.720 илјади денари и тужбени барања по однос на надоместоци од работен однос.

Треба да се обрне внимание дека по основ истекување на мандатот на двајца поранешни членови на УО на АД МЕПСО Скопје во 2021 година, врз основа на тужбени барања заедно со камата и данок на доход исплатени се средства во износ од 2.300 илјади денари. Исто така и во 2021 и 2022 година во тек е судска постапка од поранешен Генерален директор и претседател на УО по истиот основ, за главен долг во износ од 960 илјади денари. Имено во менаџерските договори предвидено е право на отпремнина во висина од 12 месечни плати за членовите на УО и Службеникот на усогласеност, што претставува значителен одлив на средства по овој основ. Имајќи во предвид дека АД МЕПСО Скопје е во

државна сопственост и врши дејност од јавен интерес ревизијата смета дека е потребно да се преиспита потребата од предвидување на право на отпремнина во менаџерските договори имајќи во предвид дека истата согласно законската регулатива се исплаќа единствено кај надоместоците од работен однос при заминување во пензија. Ревизијата смета за потребно да истакне дека за наведените судски постапки кои се уште се водат пред надлежните судови и до денот на ревизијата конечниот исход не е познат, постои неизвесност во однос на финансиските импликации кои тие ќе ги предизвикаат врз работењето на друштвото во иднина.

## 7. Останати прашања

Во извештајот на Државниот завод за ревизија на Министерството за транспорт и врски број 13-119/6 од 04.10.2019 година нагласено е прашањето за преносот на акции со Одлука на Владата на Република Македонија[105] со која Министерството за транспорт и врски станува сопственик на операторот на електропреносниот систем, а во согласност со член 72 од Законот за енергетика. Во истакнатото прашање е нагласено дека областа енергетика е во надлежност[106] на Министерството за економија и дека за да може да се следи обемната и стручна проблематика од дејноста на АД МЕПСО Скопје, потребни се ангажирања на соодветни човечки и технички ресурси. Истакнуваме дека состојбата во регулативата не е променета, а за Собранието на друштвото – Министерството за транспорт и врски, меѓу другото утврдени се неколку значајни обврски утврдени во Статутот на АД МЕПСО Скопје кои се поврзани директно со основната дејност на електропреносниот систем како што се: одобрување на годишните сметки и годишниот извештај, изборот и отповикувањето на членовите на НО, одобрување на работата и водењето на работењето со Друштвото на УО и НО, за чие што следење се потребни стручни знаења од дејноста што ја врши АД МЕПСО Скопје, а не се утврдени во дејноста што ја врши Министерството за транспорт и врски.

[105] Број 44-6841/1 од 24.07.2018
[106] Член 27 од Законот за организација и работа на органите на државната управа

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2021 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3.1. | 7.904.126 | 3.295.166 |
| Останати приходи | 3.2. | 209.561 | 45.382 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **8.113.687** | **3.340.548** |
| Трошоци за суровини и други материјали | 3.3. | 5.290.748 | 2.269.808 |
| Трошоци за услуги | 3.4. | 511.362 | 319.065 |
| Плата, надоместоци од плата и останати трошоци за вработените | 3.5. | 544.213 | 542.199 |
| Трошоци за амортизација | 3.6. | 450.537 | 445.080 |
| Останати трошоци од работењето | 3.7. | 106.280 | 95.951 |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и | 3.8. | 930.325 | 11 |
| Останати расходи | 3.9. | 81.143 | 9.159 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **7.914.608** | **3.681.273** |
| **Финансиски приходи** | 3.10. | 20.761 | 21.568 |
| **Финансиски расходи** | 3.11. | 43.624 | 38.699 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **176.216** | **(357.856)** |
| Данок од добивка | | **118.199** | - |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | | **58.017** | **(357.856)** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ 2021 ГОДИНА**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.1. | 1.603.794 | 1.380.802 |
| Побарувања од купувачи | 4.2. | 1.483.558 | 905.189 |
| Побарувања за дадени аванси | 4.3. | 2.695 | 2.635 |
| Побарувања од државни органи и институции | 4.4. | 2 | 43.464 |
| Побарувања од вработените | 4.5. | 136 | 102 |
| Останати побарувања | 4.6. | 107 | 107 |
| Краткорочни финансиски средства | 4.7. | 36.032 | 36.032 |
| АВР | 4.8. | 1.805.836 | 49.828 |
| Залихи | 4.9. | 54.922 | 57.087 |
| Аванси за материја. и нематерија. вложувања | 4.10. | 246.161 | 296.608 |
| **Вкупно тековни средства** | | **5.233.243** | **2.771.854** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.11. | 45.123 | 50.901 |
| Материјални средства | 4.12. | 7.796.680 | 7.535.460 |
| Долгорочни финансиски средства | 4.13. | 149.196 | 149.196 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **7.990.999** | **7.735.557** |
| **Вкупна актива** | | **13.224.242** | **10.507.411** |
| **Вонбилансна евиденција - актива** | | **7.795** | **0** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.14. | 482.013 | 554.417 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.15. | 202.745 | 105.990 |
| Краткороч. обвр. за даноц, придон. и др. давач. | 4.16. | 394.307 | 38.623 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.17. | 344.751 | 344.532 |
| ПВР | 4.18. | 3.417.181 | 831.987 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **4.840.997** | **1.875.549** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни обврски | 4.19. | 1.480.841 | 1.787.475 |
| **Вкупно нетековни обврски** | | **1.480.841** | **1.787.475** |
| **Главнина и резерви** | | | |
| Основна главнина - запишан и уплатен капитал | 4.20. | 3.356.309 | 3.356.309 |
| Ревал. резер и разлики од вред. на ком. на ост сеоп. доби. | 4.21. | 60.903 | 60.903 |
| Резерви | 4.22. | 3.154.595 | 3.154.595 |
| Акумулирана добивка | 4.23. | 272.580 | 630.436 |
| Добивка од тековната година | 4.24. | 58.017 | 0 |
| Загуба од тековната година | 4.25. | 0 | (357.856) |
| **Вкупно главнина и резерви** | | **6.902.404** | **6.844.387** |
| **Вкупна пасива** | | **13.224.242** | **11.223.123** |
| **Вонбилансна евиденција - пасива** | | **7.795** | **0** |

*1.* ____________________ ____________________
*2.* ____________________
*3.* ____________________
*4.* ____________________
*5.* ____________________

**ПРЕГЛЕД ЗА ПРОМЕНИ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ВО 2021 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Основна главнина - запишан и уплатен капитал | Резерви | Акумулирана добивка | Добивка од тековна година | Пренесена загуба | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2021 година** | **3.417.212** | **3.154.595** | **630.436** | - | **(357.856)** | **6.844.387** |
| Распоред на нето добивка | - | - | - | 58.017 | | **58.017** |
| Покривање на загуба од претходни години на терет на добивка | - | - | (357.856) | | 357.856 | - |
| **Состојба 31.12.2021 година** | **3.417.212** | **3.154.595** | **272.580** | **58.017** | - | **6.902.404** |

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧЕН ТЕК ЗА 2021 ГОДИНА**

| | 000 денари |
|---|---|
| **Опис** | **Износи** |
| Нето добивка/ загуба | 58.017 |
| Амортизација | 450.537 |
| **Вкупно** | **508.554** |
| Промени во побарувања од купувачи | (578.429) |
| Промени во останати побарувања | 43.428 |
| Промени во залихи | 2.165 |
| Промени во АВР | (1.756.008) |
| Промени во добавувачи | 24.351 |
| Промени во останати обврски | 2.940.878 |
| **Готовински тек од оперативни активности** | **1.184.939** |
| Промени во нематеријални и материјални средств | (655.532) |
| **Готовински тек од иностивестициони активноти** | **(655.532)** |
| Промени во долгорочни кредити | (306.634) |
| Промени во краткорочни кредити | 219 |
| **Готовински тек од финансиски активности** | **(306.415)** |
| **Нето готовински тек** | **222.992** |
| Парични средства на почеток на година | 1.380.802 |
| Парични средства на крај на година | 1.603.794 |

Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување
со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim
me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup
Бр.-Nr. 02-841/3
09.03.2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1 000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

**ДО**

**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА НА Р.С.М.**
**ул.Павел Шатев бр.2, Палата Емануел Чучков**
**1 000 Скопје**

**ПРЕДМЕТ:** Произнесување по нацрт Извештај на овластениот државен ревизор бр.19-229/1 од 07.02.2023 година (наш архивски бр. 02-841 од 09.02.2023 година)

Почитувани,

Со овој допис уредно и навремено се произнесуваме по наводите и препораките кои се содржани во Вашиот нацрт Извештај бр.19-229/1 од 07.02.2023 година.

**Во врска со препораката од точка 2.1 „Исплата на регрес за годишен одмор на членовите на УО не е во согласност со член 366, став 4 од ЗТД, согласно кој одредбите од Колективниот договор и Законот за работни односи не се применуваат за членовите на УО, за кои правата и обврските од работен однос се регулираат со склучување на поединечни договори за уредување на односите помеѓу друштвото и членот на УО (менаџерски договори) Ве известуваме за следното:**

*Менаџерските Договори кои ги имаат потпишано членовите на Управниот одбор се склучени во согласност со член 54 и член 55 од Законот за работните односи на РСМ (содржано во преамбилата на Договорот).*

*Појаснуваме дека во член 55 од Законот за работните односи на РСМ е уредено :*
*.. Правата и обврските од работен однос на менаџерот за времето додека е избран на таа должност ги остварува кај работодавачот кај кого е избран според одредбите од Законот за работнит односи, друг закон, колективен договор и договорот за вработување (во случајот Доворот за уредивање на правата, обврските и одговорностите на членот на управниот одбор) ...*

*Исто така, појаснуваме дека согласно член 24 од Статутот на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје членовите на Управниот одбор како избрани лица воедно се и раководни лица т.е. Директори на Сектор/Подружница и на истите им е доверена одговорноста и обврската да раководат со одреден Сектор/Подружница во Друштвото.*

*Согласно горе наведените одредби од Законот за работните односи и Статутот на АД МЕПСО членот на Управниот одбор се пријавува во Агенцијата за вработување на определено врем како раководно лице – Директор на Сектор/Подружница на Друштвото се додека му трае мандатот за кои е избран, односно до неговото отповикување од функцијата.*

*Тоа значи дека за времетраењето мандатот членот на Управниот одбор остварува права од работен однос во Друштвото и на истиот му тече стаж и му се плаќаат продонесе во ФЗО и ФПИО преку Друштвото.*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETEROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 10.03.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Nr. | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| | 19-229/4 | | |

*Покрај сите права од воспостевениот работен однос тој има право и на платен годишен одмор кој согласно ЗРО изнесува најмалку 20 а најмногу 26 работни дена, со можност со Договорот да се определи и повеќе од 26 дена.*

*Согласно наведеното произлегува дека членот на Управниот одбор кој воедно ја врши функцијата на Директор на Сектор/Подружница за која функција остварува права од работен однос во Друштвото неможе да биде ограничен во однос на остварување на правата кои му следуваат согласно член 55 од Законот за работните односи на РСМ, вклучително и правото на регрес на годишен одмор, односно не смее да му се ограничува со Устав загарантираното право на рамноправен статус во однос на граѓанските слободи и права кои се однсуваат на правото на работа и правата кои произлегуваат од работа (согласно Уставот на РСМ).*

*Дополниелна причина за тоа е фактот дека членот на Управниот одбор своето со устав загарантирано право на работа, платено отсуство и други права за времетраење на мандатот ги остварува во АД МЕПСО, односно тие свои уставно загарантирани права не ги остварува кај друг работодавец.*

**Во врска со наведеното во точка 4.2.3 од Извештајот (стр.15 од текстот на нацрт Изверштајот) Ве известуваме за следното:**

*Во врска со препораката дадена од ДЗР која се однесува на промена на актот на систематизација во однос на прецизирање на видот на потребно образование за оние работни места каде степенот на стручна подготовка претставува општо барање наведуваме дека во АД МЕПСО за сите работни места со актот Правилникот за систематизација на работни места се определени посебните услови за вршење на работата согласно Законот за работни односи.*

*Во однос на препораката за усвојување на пречистен текст на Правилникот за систематизација на работните места ве информираме дека во тек се подготовки за потпишување на нов Колективен договор па следствено ќе се направат иземни и во Правилникот за систематизација и Договорите за вработување во АД МЕПСО.*

**Забелешка по точка 4.2.3 – алинеја 4**

*-Промени во процентот на минат труд од година во година не постојат, исклучок кај еден вработен системски се променил процентот за 1,5% во текот на една година што е незначајно во однос на сумата денари. Човечкиот фактор што го користи системот за пресметка на плати го внесува само еднаш процентот на минат труд, кој што автоматски секои 12 месеци се зголемува за 0,5 %. Начинот на пресметка на додатокот за работен стаж е воедначен-системски решен и истиот се пресметува на бруто платата освен за часовите на годишен одмор поради фактот што основица за пресметка е вредност на сатнина од претходни 12 месеци со пресметан минат труд.*

**Забелешка по точка 4.3.1**

*И покрај тоа што сметководстените политики на АД МЕПСО се донесени во 2005 година, при самото формирањето на компанијата,сите финансиски трансакции се веродостојно прикажани согласно Законската регулатива на СРМ како и Меѓународните сметководствени стандарди важечки во СРМ.АД МЕПСО во наредниот период ќе пристапи кон ажурирање на сметководствените политики како насоки дадени од Државниот завод за ревизија.*

**Забелешка по точка 4.3.2.**

*Акционерскиот капитал на АД МЕПСО согласно Планот за поделба 2005 година, кој ви беше презентиран (страна 113), Основната главнина на АД МЕПСО е утврдена на износ од 3.059.393 иљади денари и истиот е запишан во Централниот регистар на РМ и Централниот депозитар за хартии од вредност и се води на аналитичка картица конто 9000 – назив акционерски капитал. Останатиот износ од 296.916 иљади денари ( во тоа време 542.364 иљади денари) евидентирано од Планот за поделба е државен јавен капитал кој се состои од преостанати средства –меѓусебни трансакции помеѓу АД ЕСМ и тогашна Подружница Електропренос и се води на аналитичка картица конто 9004 – назив останат капитал. Севкупно заедно износот на синтетичко конто 900 – назив основна главнина е 3.356.309 иљади денари (Акционерски капитал = 3.059.393 иљади и Останат капитал = 296.916 иљади денари). Доколку се смета дека е неопходно износот од аналитичко конто 9004 да не ја товари синтетиката конто 900 може само да се прекнижи на друго конто, а податокот за акционерскиот капитал на АД МЕПСО е усогласен со податокот во Централниот регистар на РМ и Централниот депозитар за хартии од вредност и евидентиран согласно Планот за поделба.*

**Забелешка по точка 4.3.4.**

*За расходите на материјални средства кои биле констатирани во периодот од 2018 до 2021 година а небиле искажани трошоци во соодветниот период ве известуваме за следното:*

*-АД МЕПСО од почетокот на формирање заклучно 2017 година, за преостанатата неотпишана ( сегашна ) вредност на материјалните расходовани средства прикажувало трошоци, за истите била зголемувана даночната основица во Данокот на добивка и истите средства се бришани од евиденција (како активни средства), со што и е намалена набавната вредност, и исправката на вредност и во апликацијата за основни средства и апликацијата за финансиско работење. Во апликацијата на која што се работат основните средства, а која е наскледена од старото АД ЕСМ и на која сеуште се работи- средствата или се активни или се расходовани.Неможе да бидат амортизирани до 0 сегашна вредност, односно да се расходуваат а да стојат во евиденција.Кога се расходуваа заклучно до 2017 година средствата останувaa на Листи за расход по години неактивни.*

*-Со извршената ревизија од страна на ДЗР во 2016 година, беше укажано дека расходованите материјални средства треба да останат во евиденција се до нивно отуѓување и да се амортизираат редовно годишно.Од тој аспект, АД МЕПСО води листи по години- активни на расходувани средства, кои имплицираат трошоци за амортизирана вредност годишно по стапки на амортизација согласно Номенклатурата за амортизација. Значи трошокот е евидентиран во книгите по редовна амортизациона стапка годишно. Се поставува прашањето-дали да се продолжи како до 2017 година или од 2018 па до сега? Средствата или се активни или се расходовани ( се однесува за тие што имаат сегашна вредност) , расходованите на кои сегашната вредност = 0 немаат никакви финансиски импликации.*

**Во врска со наведеното во точка 4.3.5 од Извештајот (стр.24 од текстот на нацрт Изверштајот) Ве известуваме за следното:**

*Единствен валиден доказ за недвижниот имот на друштвото е имотот запишан, или евидентиран во Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ.*

*Непоклопувањето на податоците меѓу трите организациони единици за состојбата со недвижниот имот на друштвото е природна и логична последица на актуелните законски решенија, ако се разбере природата на различните евиденции.*

*Одтука секоја организациона единица од своја страна ќе ги усогласи своите евиденции со додавање на префискот: "ВО ТЕК" за сите оние земјишта и објекти за кои АД МЕПСО во државна сопственост Скопје сеуште нема обезбедено доказ за сопственост или владение/користење.*

**Во врска со наведеното во точка 4.3.6 од Извештајот (стр.26-29 од текстот на нацрт Изверштајот) Ве известуваме за следното:**

*Констатираната "разлика" во бројот на трафостаници е последица на : (1) Законската регулатива, конкретно Законот за преобразба и Планот за поделба,*

*Законот за енергетика и Законот за градење, но и на (2) Долготрајноста на постапките за регулирање на имотно правните односи.*

*Имено, согласно Законот за енергетика за Приклучоците, Трафотаниците, како и Далекуводите што ги градат други инвеститори, откако ќе се обезбеди Извештај од надзорниот инжинер и ќе се примопредадат на АД МЕПСО не треба да се "води" како да се имот на МЕПСО, пред да се обебзеди Имотен Лист за истите.*

*Такви трафостаници кои се веќе изградени од страна на инвеститорите, а не се градени од АД МЕПСО се: ТС Неокази, ТС Фени, ТС ВЕЦ Богословец, ТС Окта.*

*Додека седум трафостаници: ТС Света Петка, ТС Шпиље, ТС Вруток, ТС Осломеј, ТС Тиквеш, ТС Козјак, ТС Глобочица, сите согласно Планот за поделба им припаднале на АД ЕЛЕМ и никогаш не биле "имот" на АД МЕПСО, ниту на неговиот правен претходник (Електропренос).*

*Тоа е неспорно се потврдува и со увид во Имотните листови за овие објекти кои се заведени како сопственост на друг правен субјект – АД ЕЛЕМ.*

*До "забуна" доаѓа поради фактот што во овие објекти АД МЕПСО има свои "посади" кои управуваат со Постројката (делот од трафостаницата), но објектот – трафостаницата како и земјиштето во соодветниот имотен лист се запишани како сопственост на АД ЕЛЕМ или согласно последната промена на називот на правниот субјект на АД ЕСМ.*

*Идентична е состојбата и со трафостаниците кои согласно Планот за поделба и Законот за преобразба требало да бидат во сосопственост, или во заедничка сопственост на АД МЕПСО и АД ЕВН, но биле запишани како целосна сопственост на АД ЕВН.*

*Во врска со ова прашање, очекуваме во наредниот период проблемот да се надмине на начин што за истите ½ (една идеална половина, или во некој друг соодност) ќе бидат без надоместок предадени и запишани во соодветните И.Л. како сосопственост, или заедничка сопственост на АД МЕПСО и АД ЕВН.*

*По овој принцип 3 (три) трафостаници се веќе запишани како имот на АД МЕПСО, што е и констатирано од страна на ДЗР во нацрт Извештајот.*

*АД МЕПСО веднаш по донесувањето на новиот Закон за катастар на недвижности отпочна во континуитет со мерки и активности за зашпишување на сите објекти во евиденцијата на Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ.*

*Како резултат на тоа извршено е евидентирање на поголем дел од далеководите и трафостаниците во евиденцијата на Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ.*

*АД МЕПСО и натаму вложува огромни напори во соработка со Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ да ги спроведе сите трафостаници и сите далеководи во евиденцијата на Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ и токму поради овој факт тие се веќе запишани во евиденцијата на Инфраструктурни објекти за кои имотните листови се доставени до ДЗР што е евидентирано во нацрт Извештајот.*

**Забелешка по точка 4.3.7.**

*Согласно препораките и тоа по алинеи:*

*-Во врска со проектите кои ги има изработено и платено АД МЕПСО, кои како такви се евидентирани во сметководствената евиденција на Друштвото со вредност, АД МЕПСО веќе се има произнесено за истото со официјален допис до Министертвото за транспорт и врски (задолжение на Владата на РСМ за предавање на проект на општина Радовиш) на следниот начин :*

- *Согласно член 2, точка 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост проектите и проектната документација се третира како движна ствар (имот) и дека за нивно користење, располагање и/или отуѓување е потребна одлука на Владата на РСМ.*
- *Врз основа на таквата Одлука АД МЕПСО во државна сопственост Скопје ќе може да изврши пренесување на сопственоста на движната ствар-Проектна документација за конкретен проект на орган на државна управа (единица на локална самоуправа), по пат на донација или сл.*
- *Со оглед на тоа дека согласно член 72 од Законот за енергетика во постапка за донесување на одлуки согласно закон, АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје не смее да бара ниту да прифаќа упатства или насоки од Владата или друг државен орган, наш предлог е Министерството за транспорт и врски како единствен акционер на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје да иницира постапка пред Владата на РСМ за донесување на Одлука согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост за пренесување на сопственост на конкретната движна ствар - Проектна документација.*

*Се чека одговор од Министерство за транспорт и врски.*

*- Во однос на утврдување на фактичка состојба на материјалните средства во подготовка , нивно реално и објективно прикажување како и самите што имате наведено во текот на 2022 година по истото е постапено.*

**Забелешка по точка 4.3.8.**

*-Алинеја 1*

*Во однос на примените донации во постројки и опрема, со состојба на 31.12..2021 година во трговските книги на друштвото точно се искажани со севкупна вредност од*

*903.322 илјади денари од кои дел отпаѓа на ТЕ-ТО согласно склучен договор од 2009 година на износ од 537.730 илјади денари кои ги потврдува Државниот завод за ревизија. Најголем дел во износ од 740.400 илјади денари претставуваат донација по склучен договор помеѓу АД МЕПСО и ЕБОР- потврдено исто така од Државниот завод за ревизија. За износот кој што го наведува ДЗР од 459.743 илјади денари дека не се доставени докази за видот на изградени/набавени постројки и опрема, нагласуваме дека истите се евидентирани согласно валидна документација како донација –фактури кои што се водат како инвестиции во тек и откако истите ќе бидат завршени ќе бидат активирани со изготвени колодациски записници како основни средства, со што би постоел реален основ за употреба на истите и паралелно ефектуирање на трошоци преку нивна амортизација и соодветно прикажување на приходи од добиени донации.*

*-Алинеја 2*

*Начинот на сметководствено евидентирање на донираните средства, АД МЕПСО го врши секоја година согласно Законската регулатива и Правилникот за водење сметководство, како и признавање на средствата на кои се врши амортизација – односно кога се признава расходот за амортизација истиот соодветствува и на приходот од донација, освен за износот наведен од страна на ДЗР кој што износ се однесува во најголем дел на земјиште донација од ТЕ-ТО ( остатокот е исто за ТЕ-ТО) добиено во 2012 година и истиот не е прикажан таа година како приход , меѓутоа во периодот кога е вршена ревизијата од ваша страна (2022 година) се направени соодветни корекции кои што ви се презентирани и сметаме дека не треба да стои во Нацрт записникот.*

**Забелешка по точка 4.3.9.**

*Износот од 4.449 илјади денари заведени во АД МЕПСО како долгорочни вложувања не се вложувања на АД МЕПСО од 2005 година, туку тоа се вложувања на ЕСМ од кое АД МЕПСО се издвои во 2005 година и претставуваат влог од 1993 година, а согласно Планот за поделба беа отстапени како основачки влог на АД МЕПСО со Одлука на УО и Одлука за согласност на Владата.*

*Влогот се состои од дел во парични средства и дел во опрема ( компјутери ) за формирање на централен компјутерски центар за електростопанствата на републиките на СФРЈ.*

*Паричните средства што го претставуваат тој влог се префрлени со мулти компензација која ја вршеа тогашните СДК на републиките, поради тоа што се уште не беше воспоставен платен промет помеѓу републиките од СФРЈ.*

*Со донесување на законот од 2008 година, дека секој влог во странство треба да се евидентира во централен регистар, АД МЕПСО направи напори овој влог да го регистрира. И покрај сите заложби да дојдеме до конкретни документи, ниту од ЕСМ, ниту од ЕКЦ Белград не добивме документи со кои би можеле влогот да го регистрираме во Централен регистар на Р. Македонија.*

**Забелешка по точка 4.3.10**

*Дел од резервните делови во магацините во Скопје 4 , Штип и Битола се водат како основни средства – група градежни објекти од причина што истите се наменети за далеководите на АД МЕПСО и кога се вградуваат на постечките далеководи имаат иста стапка на амортизација како од групата на градежни објекти-далеководи. Доколку истите би биле водени како основно средство- опреми се додека се во резерва на магацин*

*истите би имале друга стапка на амортизација и би можело да се случи истите да се амортизираат пред истекот , односно пред да се вградат а воедно не би било и компатибилно со стапката на амортизација на далекводите. Инаку поради слабоста на постоечката апликација, новонабавените средства се амортизираат не од денот кога се ставаат во употреба туку од наредниот месец (како што беше пропишано со претходната законска регулатива кога апликацијата за основни средства е ставена во функција) , како што и сами наведувате.*

**Забелешка по точка 4.3.11**

*Уште еднаш да потенцираме дека во втората половина на 2021 година цената на електричната енергија глобално почна вртоглаво да расте, што доведе до големи дебаланси на ЕЕ, па и прекини на испорака на ЕЕ.*

*Следствено се појавија и потешкотии во наплатата на побарувањата.*

*Секторот за финансиски работи, иако не е во согласност со сметководствените политики да се отпишуваат побарувања кои не се постари од една година, свесно достави барање до УО да се резервира вредноста од 930.115 илјади денари ( кои се сметаа за тешко наплативи побарувања ), за да може да искаже пореален финансиски резултат на крајот на годината, затоа што тој има големо влијание врз висината на тарифата за пренос на ЕЕ.*

**Забелешка по точка 4.3.12**

*Во однос на залихите на суровини и материјали, резервни делови и ситен инвентар укажуваме дека АД МЕПСО секоја година врши редовен попис на истите и сите извештаи на пописните комисии се одобрени со Одлуки на Управниот одбор. Во пописните комисии учествуваат стручни лица кои имаат детални познавања за состојбата на средствата и залихите бидејќи континуирано работат со истите и ги користат. Заради карактерот на дејноста која ја обавува АД МЕПСО – пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, сигурноста и доверливоста на системот е многу битна и зависи од редовното одржување, но во одредени ситуации зависи и од брзото интервенирање и санирање на испади при непредвидени околности. За ваквите интервенции АД МЕПСО задолжително во секое време мора да располага со одредени стратешки залихи кои иако се набавени во претходните години и стојат подолго време во магацините, истите се во функција и имаат важно значење во работењето на АД МЕПСО бидејќи одредени средства кои се изградени и инсталирани пред повеќе години се направени по специјални нарачки согласно потребите на системот.*

**Забелешка по точка 4.3.13**

*АД МЕПСО од самото формирање во 2005 година и последователно, каматите за повлечени средства по долгорочни заеми ги евидентира како расход а провизиите за неповлечени средства ги капитализира. Евидентирањето е согласно член 23 од МСС каде е наведено дека доколку постои квалификувано средство каматата се капитализира а доколку не постои квалификувано средство ( како што е во овој случај) , каматата претставува расход. Секоја година АД МЕПСО ангажира надворешна ревизорска компанија за вршење годишна независна ревизија, при што не е најдена забелешка дека е постапувано спротивно законските одредби . Воедно и при вршење на ревизија во 2016*

*година од страна на ДЗР не се утврдени неправилности во однос на евидентирањето на камати и провизии за повлечени-неповлечени средства.*

**Забелешка по точка 4.3.14**

*Исплатите кон синдикалните организации се расход на компанијата и се прикажани на расходната страна во билансите на АД МЕПСО.Износот од 1.900 илјади денари по основ на трансфер до синдикалните организации е влезен како непризнаен расход и зголемување на даночна основица за Данок на добивка за 2022 година. АД МЕПСО во наредните периоди ќе пристапи кон преиспитување на  потребата и основот за  трансфер на средствата кон синдикалните организации.*

**Во врска со препораката од точка 4.4.2 од Извештајот „Во договорите за спонзорство да се наведе член со кој ќе се предвиди доставување на извештај за користење на донацијата“ Ве известуваме за следното:**

*Во член 4 од сите Договори за донација/спонзорство кои ги склучува АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје како давател на донација/спонзорство е наведено .. „Примателот на донацијата се обврзува на Давателот на донацијата да му издаде писмена потврда со која ќе го информира дека донацијата е примена и дека финансиските средства од донацијата ги искористил строго  наменски. Исто така, најдоцна 30 дена од денот на исполнување на Договорот, Примателот на донацијата, се обврзува до Управата за јавни приходи, со примерокот од овој Договор, да достави и извештај за дадената, односно добиената донација“.*

*Доколку е потребно оваа документација повторно ќе Ви биде доставена.*

**Во врска со наведеното во точка 6.7 од Извештајот „Дадени заеми“ Ве известуваме за следното:**

*АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје за сите Договори и анекси на Договори за заем, склучени со 11 Октомври Еурокомпозит АД Прилеп и ЖРСМ Транспорт АД Скопје на овластените ревизори кои ја вршеа ревизијата во АД МЕПСО во државна сопственост Скопје уредно и навремено им достави документација (Одлуки) со која се потврдива дека акционерот на Друштвото како Собрание на акционери го одобрил работењето на Управниот одбор и Надзорниот одбор на Друштвото за склучување на Договорите за заем и за склучување на анексите на Договорите со кои се продолжува рокот за враќање на заемите, што значи дека дал согласност за истите.*

*Доколку е потребно оваа документација повторно ќе Ви биде доставена.*

Генерален Директор на АД МЕПСО

Орхан Муртезани

30.11.22
KNIZENJE Str.: 1

# OSNOVNI SREDSTVA

Pogon: 09 Vid na tem. 06 Broj na tem. 85 Datum 30.11.22

| Konto | Analit. Konto | Opis na kniz. | Broj na smetka | DDO | IZNOS Dolzi | IZNOS Pobaruva |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2924 | 2057 | PRIHOD ODTE-TO | | | 9349076.00 | |
| 7672 | | PRIHOD ODTE-TO | | | | 9349076.00 |
| | | Vkupno: | | | 9349076.00 | 9349076.00 |

Kontiral Knizel Odobril

ПРИЛОГ БР.8

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Добиени се забелешки/произнесување број 02-841/3 од 09.03.2023 година на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје (АД МЕПСО Скопје), од страна на г. Орхан Муртезани, генерален директор и претседател на Управен одбор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 19-229/4 од 10.03.2023 година.

Забелешките/произнесувањето се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Дадено е објаснување во врска со утврдената состојба во точката 2.1., од Писмото до раководството, која се однесува на исплатата на регрес за годишен одмор на членовите на УО. Истакнуваме дека, согласно член 366 став 4 од Законот за трговските друштва, одредбите од Колективниот договор и Законот за работни односи не се применуваат за членовите на УО. Доставените објаснувања од субјектот предмет на ревизија по овој основ, без земени во предвид при вршењето на ревизијата, а утврдената состојба поради малата материјалност на средствата во однос на финансиските извештаи, е дел од Писмото до раководството, на кое согласно ревизорската методологијата не е предвидено доставување на забелешки од страна на субјектот предмет на ревизија.

2. Забелешките на констатираните состојби **во точка 4.2.3** се однесуваат на:
   - дадената препорака за утврдената состојба наведена во **алинеја 1,** која се однесува на потребата од промена на актот за систематизација во делот на прецизирање на видот на стручна подготовка за оние работни места каде се наведени само високо или средно образование, како општи барања за извршување на работните задачи, **не се прифаќа** од причина што не се доставени нови докази кои ќе влијаат на промена на утврдената состојба;
   - дадената препорака за утврдената состојба наведена во **алинеја 2** која се однесува на потребата од усвојување на пречистен текст на актот за систематизација на работните места поради големиот број на измени, претставува **известување** за тековните и идни активности за потпишување на нов Колективен договор, по кои е планирано да се направат измени во Правилникот за систематизација и договорите за вработување;

- утврдената состојба во **алинеја 4** која се однесува на промени во процентот за пресметка на додатокот за минат труд и непостоење на воедначен начин на пресметка на додатокот за работен стаж, **не се прифаќа** од причина што не се доставени нови докази кои ќе влијаат на промена на утврдената состојба.

3. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.1.** која се однесува на потребата од ажурирање и комплетирање на сметководствените политики, кои се донесени во 2005 година, во согласност со трансакциите и работните процеси кои се извршуваат во друштвото, претставува **известување** дека финансиските трансакции во финансиските извештаи се веродостојно прикажани и дека во наредниот период ќе се пристапи кон нивно ажурирање, како што е дадено во препораката од страна на овластениот државен ревизор.

4. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.2.** која се однесува на неусогласеноста меѓу вредноста на основната главнина евидентирана во трговските книги на АД МЕПСО Скопје и износот на запишаниот и уплатен капитал во Централниот регистар на Република Северна Македонија и Централен депозитар за хартии од вредност впишан како основачки влог, **не се прифаќа**, од причина што образложенијата за утврдената разлика од 296.916 илјади денари (поголема основна главнина евидентирана во трговските книги) беа земени во предвид при вршење на ревизијата, при што не се доставени дополнителни докази кои би влијаеле на промена на утврдената состојба.

5. Забелешката на констатираната состојба **во точката 4.3.4.**, која се однесува на утврдениот расход по попис на материјалните средства, кои поради дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност повеќе не се користат, а се водат во сметководствена евиденција на друштвото и за истиот не бил искажан трошок на крајот на соодветниот пресметковен период **претставува известување** за постапување со расходуваните средства до 2017 година и од 2018 до 2021 година кои овластениот државен ревизор ги имаше во предвид при извршувањето на ревизијата. Имено, расходуваните материјални средства со пописот треба да останат во сметководствената евиденција се до нивно физичко отстранување и да се воспостави евиденција на трошоци во соодветниот пресметковен период за што е укажано и со извршената ревизија во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за 2021 година.

6. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.5.**, која се однесува на утврдените разлики меѓу сметководствената и фактичката состојба на земјиштето кои ги водат различни организациони единици во рамките на АД МЕПСО Скопје, **претставува известување** за активностите кои ќе бидат

преземени во иднина за надминување на состојбите за земјиштето, за кое сеуште нема обезбедено доказ за сопственост или владение/користење.

7. Забелешките на констатираните состојбите во **точката 4.3.6.** кои се однесуваат на утврдените разлики во бројот на далекуводи и трафостаници меѓу евиденциите на одделите во АД МЕПСО Скопје, што е една од причините поради која не може со сигурност да се потврди нивната комплетност и точност **претставува известување** за планираните идни активности во соработка со АКН за надминување на состојбите и целосно евидентирање на далекуводите и трафостаниците.

8. Забелешките на констатираните состојби во **точката 4.3.7.** кои се однесуваат на нематеријалните и материјалните средства во подготовка кои не се активирани и ставени во употреба **претставува известување** за начинот на активирање и ставање во употреба на средствата согласно законската регулатива, како и за начинот на постапување по дадената препорака и доставениот допис до Собранието на друштвото – Министерство за транспорт и врски.

9. Забелешките на констатираните состојби во **точка 4.3.8.** се однесуваат на:
   - утврдената состојба во **алинеја 1**, која се однесува на примените донации во постројки и опрема за кои не се доставени докази за потврдување на видот на изградените и набавените постројки и опрема и дали истите се употребуваат, **претставува известување** за начинот на сметководствено евидентирање на донираните средства кое овластениот државен ревизор го имаше во предвид при извршување на ревизијата и
   - утврдената состојба во **алинеја 2**, која се однесува на несоодветно воспоставената сметководствена евиденција на донираните средства, поради што констатиравме дека пресметаните трошоците за амортизација се за 12.715 илјади денари поголеми од искажаниот износ на одложените приходи по тој основ **делумно се прифаќа.** Имено, во прилог на забелешките доставен е налог од 30.11.2022 година со кој спроведени се соодветни корективни книжења во износ од 9.349 илјади денари, истите немаат влијание на утврдените состојби во Нацрт извештајот за извршената ревизија за 2021 година, но во насока на транспарентно и објективно информирање ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

10. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.9.**, која се однесува на долгорочните вложувања во правен субјект, согласно Планот за поделба на АД ЕСМ и донесени Одлука на УО за отстапување на основачки влог на АД МЕПСО Скопје и Одлуката за согласност од Владата, за кое не се презентирани финансиски документи за потврдување на нивниот правен основ и за кое не е

направено вредносно усогласување согласно сметководствените политики на друштвото **претставува известување** за историјата и потеклото на вложувањето, како и неможноста истото да се регистрира во Централен регистар на Република Северна Македонија, кое при вршење на ревизијата беше земено во предвид.

11. Забелешките на констатираните состојби **во точката 4.3.10.,** кои се однесуваат на резервните делови кои се евидентирани како градежни објекти и за истите се пресметува амортизација, како и за пресметувањето на амортизација за ново набавените постојани средства, која не започнува откако средството е активирано за вршење на основната дејност, односно кога станува расположливо за употреба **претставува известување** за причините кои довеле до констатираните состојби и недостатоците и слабостите на апликацијата со која постојаните средства сметководствено се евидентираат.

12. Забелешката на констатираната состојба **во точката 4.3.11.,** која се однесува на спроведената исправка на вредност на побарувањата по предизвикани дебаланси на ЕЕ од страна на правни лица – трговци на ЕЕ и побарувања за казни и штети претрпени поради прекин на испорака на договорени количини на ЕЕ, која не е во согласност со сметководствените политики на друштвото **претставува известување** за причина за извршеното вредносно усогласување на побарувањата кое овластениот државен ревизор соодветно го има обелоденето и во Нацрт извештајот.

13. Забелешката на констатираната состојба на **точката 4.3.12.,** која се однесува на не утврдената нето реализациона вредност за залихите кои се набавени пред 2017 година, како и на начинот на управување со залихите преку определување на минимални, максимални и оптимални количини на залихи на суровини, материјали, резервни делови и ситен инвентар, **претставува известување за** утврдените состојби кои беа земени во предвид при извршување на ревизијата.

14. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.13.** која се однесува на начинот на евидентирање на расходите по основ на повлечени долгорочни заеми **не се прифаќа** поради не доставени дополнителни докази кои ќе влијаат на промена на утврдената состојба. Имено, согласно точките 1 и 5 од МСС 23[1], трошоците за позајмување како камата и други трошоци кои директно можат да се припишат на стекнување, изградба или производство на средството кое се квалификува претставуваат дел од набавната вредност на тоа средство. Имајќи во предвид дека заемите кои се повлечени и се наменети за реализирање на

[1] МСС 23 – Трошоци за позајмување

капитални проекти за изградба и ревитализација на енергетски капацитети за пренос на електрична енергија, потребно е каматите по истите да се капитализираат, а не да се искажуваат како расход, додека останатите трошоци за позајмување како провизиите за средствата кои не се повлечени, согласно точка 8 од МСС 23, се признаваат како расход во периодот во кој настанале.

15. Забелешката на констатираната состојба во **точка 4.3.14.** која се однесува на трансферот на средства до синдикалните организации на АД МЕПСО Скопје преставува **известување** за преземање на активности во насока на спроведување на препораката за додавање на трансферот на средствата во Даночниот биланс за 2022 година, како и преиспитување на потребата од понатамошен трансфер на средства до синдикалната организација.

16. Забелешката на констатираната состојба на **точката 4.4.2. алинеја 3** која се однесува на договорите за донации и спонзорства во кои не е предвидено доставување на извештај за користењето на средствата **не се прифаќа** од причина што наведената писмена потврда не претставува извештај, односно истата претставува дел од обврските кој се предвидени во извештајот согласно член 19 став 1 од Законот за донации и спонзорства.

17. Забелешката на утврдената состојба во **точката 6.7.,** изнесена во делот на Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, која се однесува на побарувања по дадени заеми на две АД во државна сопственост, **не се прифаќа од причини** што не се доставени дополнителни докази за промена на утврдената состојба, а се известува дека анексите со кои се продолжуваат роковите за враќање на заемите се склучени по претходно донесена одлука или дадена согласност на Владата или Собранието на друштвото – Министерство за транспорт и врски.



*1.* ______________________ ______________________

*2.* ______________________

*3.* ______________________

*4.* ______________________

*5.* ______________________